


Проф. д-р Андриана Хаџи-Мицева

Проф. д-р Милан БОШКОСКИ Јордан ИЛИОСКИ
Неби ДЕРВИШИ

# ИСТОРИЈА

## за VI одделение

II ИЗДАНИЕ

ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД
Скопје, 2006

Уредник
Весна ДУКОСКА

Рецензенти:
Проф. д-р Ѓорѓи МАЛКОВСКИ, институт за национална Историја
Исмет ЈАКУПИ, наставник во Ц.О.У. „Борис Кидрич" – с. Сарај
Ленче МАНЕВА, О.У. „Климент Охридски" – Драчево
Проф. д-р Андриана ХАЏИ-МИЦЕВА, институт за национална историја

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија бр. 10-1760/1 од 18. 08. 2005 година, се одобрува употребата на овој учебник.

# ПРЕДГОВОР

*Драги ученици, со учебникот за шесто одделение ве воведуваме во минатото, во средниот век на европската, балканската и македонската национална историја. Ќе се запознаеме со Големата преселба на народите, државата на Франките, Источното Римско Царство (Византија) и појавата на исламот. Овие култури оставиле траен белег на денешните модерни држави. Преку наставната тема Балканот во раниот среден век ќе се запознаеме со Словените кои го населиле Балканот. На новите простори тие основале свои држави, со што оставиле траен белег во историјата и културата. Од нив, во XIX и XX век се создале денешните словенски држави Србија, Црна Гора, Бугарија, и Албанија како држава во која словенскиот елемент постепено бил истиснат.*

*Наставната тема Македонија во раниот среден век го опфаќа населувањето на словенските племиња и мешањето со староседелците. Создавањето на словенската писменост во Македонија и нејзиното проширување, не само во балканските земји, туку во целиот словенски свет оставило силен белег. Македонија може да се гордее со тоа. Создавањето и угледот на Македонското Царство и Охридската архиепископија, како важни настани од македонскиот среден век, одиграле клучна улога во создавањето на македонската држава во XX век.*

*Петтата содржина не воведува во средновековните градови во Европа, хуманизмот и ренесансата, откривањето на новите земји, кои со своите содржини имале позитивно влијание врз културата и погледот на светот. Последното издигнување и паѓање под османлиска власт на балканските држави, појавата и растежот на албанските кнежевства, како и ширењето на османлиската власт на Балканот, се опфатени во петтата тема. Самостојните феудални владетели во XII и XIII век, самостојните држави во Македонија во XIV век и паѓањето под османлиска власт се содржани во шестата тема.*

*Во наставната тема Балканот и Македонија под османлиска власт, ќе учиме за влијанието на новата култура и отпорот против Османлиите. Востанието на Скендер - бег, угледот на Албанија, Карпошовото востание во Македонија, Охридската архиепископија и културата во двете земји се наставни теми кои ќе го привлечат вашето внимание.*

*Авторите*

# 1 СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК



# ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СРЕДНИОТ ВЕК

## Поим и значење на средниот век

Со распаѓањето на робовладетелскиот систем и пропаѓањето на Римската Империја во новосоздадените варварски држави се создавал новиот општествен поредок – ***феудализмот***. Феудализмот се зацврстил во поголемиот дел на Европа од V до крајот на XVII век. Феудалното општество во споредба со робовладетел-ското било понапредно. Во феудалното општество постоеле два основни противставени слоја, **феудалци** – сопственици на **феуди** – поседи и **закрепостени селани** – феудално зависно население. Закрепостените селани ја составувале главната производствена сила во општеството. Феудалниот поредок бил владеачки во Европа, Азија и еден дел од Африка.

Времето додека владеел феудалниот начин на производство се нарекува *среден век*.

## Периодизација на историјата на средниот век

Историјата на средниот век се дели на три периоди:

– Ран феудализам – од крајот на V до XI век, кога феудализмот се создавал како доминантен начин на производство;

– Развиен феудализам – од XI до крајот на XV век, кога поредокот го достигнал својот подем;

– Доцен феудализам – од XVI до крајот на XVII век. Тоа е период на назадување и распаѓање на феудализмот и појава на новите – капиталистички односи.



*Средновековно село - реконструкција*

**Задача:** На колку периоди се дели феудализмот?

## Основни карактеристики на феудализмот

Феудализмот во Европа почнал да се развива во V век. Најголем дел од земјата му припаѓал на владетелот, феудалците и црквата. Владетелот се сметал за врховен сопственик на целата земја во државата. Феудалците како крупни

земјоседници, им давале земја на селаните за привремено користење. Селаните биле закрепостени за земјата и не смееле да ја напуштат.

На чело на феудалната хиерархија во средниот век стоел владетелот. Негови вазали биле најкрупните феудалци, грофови и војводи. Тие имале свои вазали со помали поседи **(барони, витези и рицари)**. На дното на феудалната хиерархија се наоѓале зависните селани.

**Истражувајте:** Каков бил животот на селаните во феудализмот? Селаните со што ја обработувале земјата?

Честопати врховната власт на владетелот била формална, а одделни феудалци воделе меѓусебни борби или здружени се бореле против владетелот. Тоа ја слабеело централната власт во земјата. Таа појава се нарекува **феудална анархија**.

**Задача:**
Направете анализа на феудалните општествени слоеви.




*Феудалната хиерархија во вид на пирамида*



# ГОЛЕМАТА ПРЕСЕЛБА НА НАРОДИТЕ

## Причини за Големата преселба на народите

При крајот на IV век од н.е. почнале големите преселби на варварските племиња на територијата на Римското Царство. Преселбата била предизвикана од имотната нееднаквост во нивната средина, желбата за зголемување на богатствата, подобри услови за живеење, освојување нови земји и воени грабежи. Римското Царство не можело да им се спротивстави на нападите на варварските племиња. Тие навлегувале длабоко во внатрешноста на Царството.

## Правци на преселување и создавање варварски држави

Преселбата ја почнале **Хуните**. Тие биле племе од монголско потекло кое живееле во Средна Азија. Во Европа навлегле во IV век, низ т.н. „Врата на народите“, која се наоѓала меѓу планината **Урал** и **Каспиското Езеро**. Преселбата на Хуните предизвикала селење и на другите племиња во разни правци. Таа појава е наречена **Голема преселба на народите**.

Хуните во V век создале голем племенски сојуз на чело со **Атила**. Под негово водство навлегле во Галија. Здружените римски и германски сили ги поразиле Хуните кај Каталунските Полиња. По смртта на Атила, хунскиот сојуз се распаднал (454 година).




*Големата преселба на народите*

Хуните биле сточари номади. Заедно со своите семејства постојано се селеле. За нив римскиот историчар Марцелин напишал:
„Вечно скитајќи по шумите и планините, менувајќи го постојано живеалиштето, или подобро да се каже немајќи го, тие се свикнати на секакво зло: на студ, глад, жед... Хуните на своите коњи го поминуваат животот, де јавајќи, де седејќи настрана; туму дури и спијат, наведнати кон вратот на коњот."

**Задача:** Опишете го животот на Хуните.

Германските племиња **Вандали**, **Готи**, **Франки**, **Лангобарди** и др. претставувале најголема опасност за Рим. Во V и VI век тие основале свои држави на територијата на Римското Царство. Вандалите (во 455 година) го нападнале и опустошиле Рим. Од таму продолжиле во Шпанија и Северна Африка, каде основале свое кралство. Франките основале своја држава во Северна Галија, Бургундите во Источна Галија, а Англите и Саксонците се зацврстиле на Британските Острови. Лангобардите своја држава основале во Северна Италија. дел од општата преселба на народите била и преселбата на Словените. Во VI век од Азија во Европа навлегле Аварите. Во IX век почнале преселбите на Арабјаните од Азија и Африка во Европа, а од Северна Европа преселбите на Норманите и Викинзите.

**Задача:** Направи грозд во кој Германите ќе бидат во средината.

**Размислете:** Кои држави се создале по големата преселба на народите?



## Последици од Големата преселба на народите

Големата преселба на народите има големо значење за историјата на Европа. Резултат од нивните навлегувања е и пропаѓањето на Западното Римско Царство во 476 година.

Пропаѓањето на Западното Римско Царство и создавањето на нови варварски држави, довело до слабеење на стариот општествен систем и појава на нов – феудален систем со што завршил стариот век, а почнал средниот век.

*Минијатура на визиготскиот крал Аларих II*



# ДРЖАВАТА НА ФРАНКИТЕ

## Создавањето на државата на Франките

Франкските племиња живееле крај средниот и долниот тек на реката Рајна. Во III и IV век, во потрага по нови места за живеење навлегле во римска Галија. Нивниот водач **Клодовик** (481–511), го освоил поголемиот дел од Галија. Тој ги обединил Франките под своја власт. За да ја зацврсти власта, во 496 година го примил христијанството. Така христијанската црква станала сојузник на државата на Франките. По смртта на Клодовик државата почнала да слабее.

## Државата на Франките во времето на Карло Велики






*Карло Велики*

Својата најголема моќ државата на Франките ја достигнала во времето на **Карло Велики** (768–814). Тој војувал против германските и словенските племиња. Ја проширил државата кон Италија, Германија и Шпанија. Така биле создадени услови неговата држава да прерасне во царство. Во 800 година, во црквата Св. Петар во Рим, папата го крунисал Карло Велики за цар.

По смртта на Карло Велики државата постепено слабеела и се распаднала. Од неа се создале новите европски држави Франција, Германија и Италија.

**Задача:** Кога државата на Франките го достигнала своето најголемо територијално проширување?



file:///E|/5800/mah/mah.htm (5 of 67)23.11.09 10:21:49

## Улогата на христијанската религија

Во втората половина на VIII век, на Запад дошло до израз влијанието на Римската црква. Тогаш во Средна Италија била создадена **Папската држава**. Меѓу црквата и државата на Франките постоел тесен сојуз и соработка. Црквата влијаела врз целиот живот на луѓето.

Меѓу Источната и Западната црква постоело големо соперништво. Во 1054 година дошло до конечна поделба на Западна и Источна црква. Источната црква почнала да се нарекува **православна**, а верниците **православни**, Западната црква – **католичка**, а верниците – **католици**.



*Папата го крунисува Карло Велики*

**Задача:** Кога се поделила христијанската црква?

## Културата во државата на Франките

За време на преселбите на народите, културниот живот сосема замрел. Во време на владеењето на Карло Велики се обновил културниот живот во државата. Карло Велики, иако бил неписмен, настојувал чиновниците и феудалците што го опкружувале да се здобијат со образование. Затоа на својот двор повикал учени луѓе и основал **„дворска академија"**.

На „дворската академија" се читале и објаснувале дела од античките писатели, се учел латинскиот јазик и сл. Во биографијата за Карло Велики напишана од Ајнхард, се вели дека кралот имал голема желба за стекнување нови знаења. Тој учел да смета, го проучувал движењето на ѕвездите, учел да чита и настојувал добро да научи да пишува. Сето тоа тешко му одело бидејќи бил во години.



*Катедралата во Ахен, местото каде е погребан Карло Велики*

**Истражувајте:** Со кој писмен јазик се служеле во државата на Карло Велики?

**Задача:** Кој ги обединил Франкските племиња во заедничка држава?

Во манастирите се отвориле голем број црковни училишта. Во времето на Карло Велики била развиена и архитектурата. Тој градел цркви и дворци. Нив ги украсувал со фрески и скулптури. До денес е зачувана **катедралата во Ахен** – престолнината на Карло Велики.



# ПОЈАВА НА ИСЛАМОТ

## Природни услови и население

Поголемиот дел од Арабискиот Полуостров се состоел од сиромашни безводни степи, висорамнини и пустини. Во јужниот дел на Полуостровот имало плодна земја.

Арабјаните живееле во родови и племиња. Најстари жители на Арабија биле **бедуините** кои се занимавале со номадско сточарство. Дел од арабиското население се занимавало со земјоделство. Тие одгледувале житни култури, повеќе видови палми, а се занимавале и со лозарство. Во Арабија било развиено занаетчиството и трговијата. Поважни трговски градови биле **Мека** и **Медина**.



*Места за трговија*

**Задача:**
Со што се занимавале Арабјаните.

## Појава на исламот

Во почетокот на VII век, кај Арабјаните се појавила нова религија – **исламот**. Нејзин основач и проповедник бил **Мухамед** (570–632). Околу 610 година, тој во Мека почнал да ја проповеда новата вера во еден бог – **Алах**. Таа го добила името ***ислам*** што значи покорност на бога, а нејзините приврзаници се нарекувале муслимани – **покорни**. Учењето на Мухамед било изложено во **Коранот**. Затоа Коранот се смета за света книга на муслиманите. Според Мухамед, Алах бил заштитник на сиромашните. Затоа проповедите прво ги прифатиле сиромашните. Во 622 година **Мухамед** и неговите приврзаници биле протерани од Мека во Медина. Таа година муслиманите ја нарекуваат **хиџра** и оттогаш ги бројат годините.

Мухамед во Медина ја основал првата муслиманска заедница. Обединувајќи ги Арабјаните во муслимански верски заедници, Мухамед станал духовен и световен поглавар на муслиманите.



Дел од коранот
(арабиско писмо)

**Коранот** е зборник на верски обреди и законик на муслиманите. Од верниците исламот барал одредени верски обреди: молитва петпати дневно, постење – **Рамазан** пред празникот **Бајрам**, одење на аџилак во Мека и сл.

**Истражувај:** Што им се препорачува на верниците во Коранот?

## Арабиската држава

Во Западна Арабија била основана држава со центар во Медина и Мека. По смртта на Мухамед во Арабија владееле неговите наследници кои се нарекувале **калифи**. Тие го обединиле арабискиот народ и ја прошириле државата. Арабискиот калифат на исток се проширил до реката Инд, а на запад стигнале до Шпанија. Внатрешните судири што зачестиле во Калифатот, довеле до негово распаѓање на повеќе држави.




**Задача:** Според картата, опишете ги границите на арабиската држава.



## Култура

Арабјаните ја познавале културата на старите народи (на Грците, Персијците и Египќаните) и продолжиле да ја развиваат. Тие постигнале голем напредок во науката. Кај нив особено била развиена: математиката, астрономијата, медицината, филозофијата и други науки. Тие ги усовршиле бројките кои денес се познати како **арапски броеви**, а го вовеле и новиот број – **нула.** Во духот на исламот била развиена арабиска литература. Особено популарна била збирката со приказни **„Илјада и една ноќ"**.

**Задача:** Наведи една од приказните што се запишани во „Илјада и една ноќ".

Арабјаните имале развиена архитектура. Тие граделе раскошни храмови – џамии.

Сликарството и вајарството биле запоставени во џамиите, затоа што Коранот и исламското учење забранува претставување човечки ликови.

**Задачи:**
Наведи кои џамии постојат во твојот крај.
Со својот наставник изработете Венов дијаграм /христијанство–муслиманство/.



*Омаровата џамија во Ерусалим*

# ИСТОЧНО РИМСКО ЦАРСТВО (ВИЗАНТИЈА)

## Територија и население

Источното Римско Царство се создало со поделбата на Римската Империја на два дела во 395 година. Според името на гратчето **Византион**, каде била подигната новата престолнина **Константинопол**, државата е позната како **Византија**. По пропаѓањето на Западното Римско Царство, Византија станала наследник на Римската Империја. Жителите на државата се нарекувале **Ромеи**.



Минијатура на Константинопол - Цариград



Цар Константин

Византија се простирала на три континенти: **Африка** (Египет и северна Африка), **Азија** (Мала Азија, Сирија, Палестина) и **Европа** (Шпанија, Италија и Балканскиот Полуостров). Во неа живееле **голем број народи** (Македонци, Грци, Египќани, Евреи и др.). Службен јазик бил латинскиот, а подоцна станал грчкиот. Официјална религија во Византија било христијанството.

**Задача:** Каде се простирала Византиската Империја?

Според општественото уредување, Византија во почетокот била робовладетелска, а потоа феудална држава. Имотите на крупните феудалци ги обработувале феудално зависни луѓе – **парици**, а црковните имоти – **клирици**. На чело на државата стоел **цар - император**. Тој со државата управувал со многуброен државен апарат (дворјани, службеници, управници на области, на градови, војсководци и др.).



**Размислете:**
Како се викале феудално зависните луѓе во Византија?

Како држава со висока култура, таа постоела илјада години. Во целиот тој период, Византија извршила големо влијание врз соседните народи и држави. Имала влијание во ширењето на христијанството, градењето цркви, тврдини, влијаела во литературата, сликарството и во секојдневниот живот. Со паѓањето на Цариград под власта на Османлиите во **1453** година, Византија престанала да постои. Цариград продолжил да постои, но со ново име – **Истанбул**.



Јустинијан со дворјаните

## Византија во времето на Јустинијан I

Во IV и V век за време на „Големата преселба на народите" Византија била изложена на варварски напади. Во VI век за време на владеењето на царот

Византија во времето на Јустинијан I





*Златна монета на Јустинијан I*

Јустинијан I (527–565), кој се родил во с. Таор – Скопско, државата зајакнала. Тој се залагал за остварување на идејата да се обнови Римската Империја. Затоа вовел големи давачки, кои предизвикале незадоволство во земјата и дигање востание. Востанието е познато како **„Ника"** (што значи победувај). Откако ги победил востаниците, Јустинијан почнал освојувачки походи. Успеал да ја освои Далмација, Италија, делови од Шпанија и речиси цела северна Африка. Во негово време на Балканот напаѓале Словените, а на Исток – Персијците.

Јустинијан е познат по тоа што извршил промени во законодавството. Ги собрал сите познати римски закони и почнал да ги спроведува во државата.

*Црквата Св. Софија, Константинопол*







*Внатрешен изглед на црквата Св. Софија*

Промените што ги направил Јустинијан, биле голем напредок за тогашниот свет. Тој има големи заслуги за напредокот во филозофијата, литературата, уметноста и градежништвото. Во Цариград ја изградил црквата Св. Софија, која Османлиите ја претвориле во џамија.

**Размислете:** Каде се родил царот Јустинијан I и кои настани се случиле за време на неговото владеење.

**Истражувајте:** По освојувањето на Цариград од Османлиите, која црква била претворена во џамија?



*Украсена книга*

# 2 БАЛКАНОТ ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК



## НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ НА БАЛКАНОТ

### Прататковината на Словените

Прататковината на Словените се наоѓала во Средна и Источна Европа, меѓу **Балтичкото Море** и планините **Карпати**. Живееле покрај реките, мочуриштата и шумите. За време на Големата преселба на народите во IV век, под притисок на **Хуните**, а и во потрага по плодна земја, почнале да ја напуштаат старата татковина. Словените се раселиле во три различни правци – на исток, запад и на југ. Затоа се наречени: **Источни Словени**, **Западни Словени** и **Јужни Словени**.

Јужните Словени се населиле во средниот тек на реката Дунав – **Панонската Низина** и во **Влашката Низина**.

**Размислете:** Зошто Словените ја напуштиле старата татковина?

### Населување на Словените на Балканскиот Полуостров

Во новата татковина, Јужните Словени дошле во допир со богати држави – Византиското Царство и Остроготското Кралство. Во VI век, во Панонската Низина се населиле и **Аварите**. Словените заедно со Аварите, во потрага по богатства, почнале да ја преминуваат реката Дунав. Тие ги напаѓале и ограбувале византиските области на Балканскиот Полуостров. Често пати навлегувале длабоко на југ до Цариград, Солун во Македонија и Пелопонез во Грција. По нападите се враќале со богат плен во своите домови. При крајот на VI и првите децении на VII век, Словените целосно




*Преселба на Словените*

го населиле Балканскиот Полуостров. Од **Јужните Словени** се создале народите: **Словенци**, **Хрвати**, **Срби**, **Македонци** и **Бугари**.

**Задача:** Кои денешни народи се создале од Јужните Словени?

## Начин на живеење, обичаи и верувања на Словените



*Словенско наколно живеалиште*

Словените живееле во шуми, по речните долини, крај мочуриштата и езерата. Живееле во **древни колиби**, **наколни живеалишта** и **земјанки**. Покривите на домовите ги правеле од гранки, лисја и папрат.

Основно занимање на Словените било земјоделството, сточарството, ловот и риболовот. Сееле пченица, `рж, јачмен и просо. За зголемување на обработливите површини ги копачеле шумите. Од добиток одгледувале овци, кози, говеда и коњи. Го познавале и пчеларството. Од медот го правеле пијалакот **медовина**. Од големите стебла изработувале чамци, кои Византијците ги нарекувале **моноксили** (чамец од едно дрво). Со нив ги преминувале реките.

**Задача:** Објаснете со што се занимавале Словените.



*Словенски чамец*

Словените верувале во добри и лоши духови – **самовили** и **веди**, а ги почитувале и реките. Тие биле многубошци и верувале во многу богови. Врховен бог им бил богот **Перун**. Тој бил бог на грмежите. **Волос** или **Велес** бил бог на стадата, **Весна** – божица на пролетта, а **Лада** – божица на убавината. На боговите им граделе храмови од дрво.

**Задача:** Наведете ги поважните божества кај Словените.



# ПРОМЕНИ НА БАЛКАНОТ ПО ДОСЕЛУВАЊЕТО НА СЛОВЕНИТЕ

## Односот на Словените кон староседелците

По доаѓањето на Балканот, Словените ги населиле сите области јужно од реките Сава и Дунав, до Драч во Албанија и Пелопонез во Грција. Позначајни племиња кои се населиле на Балканскиот Полуостров се: **Словенците, Хрватите**, **Србите**, **Неретвјаните**, **Дукљаните**, **Тимочаните**, **Сојузот на седумте племиња** (во денешна Бугарија), дел од словенското племе **Вајунити** во Албанија, и **Милинзите** и **Езеритите** на Пелопонез во Грција. Во новата татковина Словените живееле во свои заедници во кои Византија немала никаква власт. Областите населени со едно, или повеќе словенски племиња, се нарекувале **„Склавинии"**.




**Задача:** Според картата, определете кои словенски племиња се населиле на Балканскиот Полуостров.

За време на нападите и населувањето на Словените, некои од староседелците побегнале во утврдените византиски градови (Сердика (Софија), Драч, Солун и во Цариград), а помал дел се повлекле на планините. Со време дошло до мешање на Словените и староседелците. Остатоци од староседелците на Балканот се денешните Власи.

## Промени во начинот на живеење

Словените на Балканот ги населиле плодните рамнини, речните долини и планините богати со шуми и пасишта. Од староседелците научиле да градат поудобни куќи, да носат поубава облека, накит, научиле да употребуваат поусовршни орудија за обработка на земјата, оружје и др. Тие се занимавале со



*Словенска населба*



*Словени ја преминуваат реката Дунав*

земјоделство, сточарство, лов и риболов, а го усовршиле и занаетчиството. Еден писател од тоа време за нив пишува: „Се збогатија, имаат злато и сребро, стада и коњи и многу оружје, и се научија да војуваат подобро од Ромеите".

**Задача:** Опишете ги промените во начинот на живеење на Словените.

По населувањето на Словените на Балканот, дошло до словенизирање – промена на имињата на градовите, селата, планините, езерата, реките и др. Така Сингидинум станал **Белград**, Салона – **Сплит**, Дирахион – **Драч**, а Наисус бил преименуван во **Ниш**.

## Христијанизација на Словените

По населувањето на Балканскиот Полуостров, почнала постепената христијанизација на Словените. Тие почнале да соработуваат со староседелците кои имале повисока култура. Под нивно влијание Словените почнале да го отфрлаат многубоштвото и да го прифаќаат христијанството. Од средината на IX век, Византија почнала да го шири христијанството меѓу Словените на грчки јазик.





*Позлатено кандило, VI век*

Малку подоцна, целото словенско население на Балканот се христијанизирало. Кај Словенците и Хрватите, христијанството го ширела државата на Франките на латински јазик.

Бидејќи латинскиот и грчкиот јазик биле неразбирливи за Словените, браќата Кирил и Методиј – Словени од Солун, го составиле **словенското писмо - глаголицата**. По преводот на светите книги на словенски јазик, почнало побрзо ширење на христијанството. Словените се стекнале со повисоки културни придобивки. Освен богослужба на разбирлив словенски јазик, тие почнале да создаваат своја литература. Со словенското писмо, книжевните дела што ги создавале, градбата на цркви и уметноста, словенските народи дале голем придонес во светската култура.

**Задача:** Опишете го процесот на христијанизација на Словените.



*Христијански релјеф во камен, IX век*

# СОЗДАВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ДРЖАВА

## Доаѓањето на Бугарите и создавање на државата

При крајот на VI и VII век, во областите меѓу реката Дунав и Стара Планина, се населиле **Северјаните** и **Сојузот на седумте племиња**. На чело на тие племиња стоеле **жупани**. На територијата на која се населиле, тие ги затекнале староседелците – Тракијци. Процесот на обединување на словенските племиња, бил прекинат со доаѓањето на Бугарите.

**Задача:** Кои словенски племиња се населиле меѓу реката Дунав и Стара Планина?

Бугарите биле **монголско – татарско племе**, од турската група народи. Како скитачко – номадско племе постојано го менувале местото на живеење. Нивната прататковина се наоѓала во областите околу Касписко Езеро. Во втората половина на VII век, под водство на ханот Аспарух ја преминале реката Дунав и ги освоиле областите меѓу реката Дунав и планината Балкан.



*Сребрена чаша со натпис „Велики жупан на Бугарија Сивин", IX век*

Словенските племиња кои живееле таму морале да им плаќаат данок. Византија за да ги спречи нивните напади, во **681 година** го признала создавањето на бугарската држава. На чело на државата застанал **ханот Аспарух**. Градот **Плиска** станал **престолнина на Бугарија**. Словенските племиња го составувале мнозинството од населението, а Бугарите биле малцинство. Бугарите постепено, се слеале во словенското население. Според името на **племето Бугари**, државата била наречена **Бугарија**.

**Задача:** Кога се основала бугарската држава?



*Прстен со грчки натпис*

## Проширување на бугарската држава

Во почетокот, словенско – бугарската држава водела одбранбени војни. Со доаѓањето на престолот на ханот Крум, Бугарија почнала да ги шири границите. Тој ги поразил Византијците и ја освоил Софија. Границата на Бугарија ја проширил во Тракија до Стара Планина. За време на владеењето на кнезот Борис, бугарската држава се проширила на поголемиот дел од Македонија, Србија и Јужна Албанија. За време на владеењето на кнезот Симеон, Бугарите воделе војни со Унгарците, Србите и со Византија. Тогаш Бугарската држава била најголема. Во 913 година, бугарскиот кнез Симеон се прогласил за цар. Неговиот наследник цар Петар ја принудил Византија да му плаќа данок. По неговата смрт Бугарија била нападната од Русите. Византискиот цар ги протерал Русите и го заробил последниот бугарски цар Борис II. Со тоа пропаднало Бугарското Царство.



*Симнување на царските обележја на Борис II*



## Христијанизирање на бугарите

Северјаните и Сојузот на седумте племиња кога се населиле меѓу планината Балкан и реката Дунав биле многубошци. Бугарските владетели брзо увиделе дека како многубошци не се почитувани во соседните земји кои имале повисока култура. За да стекнат почит кај странците, некои феудалци во државата почнале да го примаат христијанството. Тоа предизвикало судир на владетелскиот двор. Од тие причини, кнезот Борис, во **864 година** го примил христијанството во својата држава. Според неговиот кум, византискиот цар Михаил III, тој го сменил името во Борис – Михаил. Со тој чин, христијанството станало државна религија. Христијанството во Бугарија се ширело на грчки јазик. Подоцна почнало да се шири и на словенски јазик. Со христијанизацијата почнале да се градат цркви. Се развило градежништвото, сликарството и уметноста, а почнала да се создава црковна и световна литература.



*Керамичка икона на Теодор Стратилат, манастир Св. Пантелејмон - Преслав*

**Размислете:** Зошто Бугарите го примиле христијанството?



file:///E|/5800/mah/mah.htm (13 of 67)23.11.09 10:21:49

# СОЗДАВАЊЕ НА ДУКЉА И РАШКА

Населувањето на српските словенски племиња завршило во средината на VII век. Тие племиња се населиле на планините богати со шуми. Планините биле испресечени со реки и мали рамнини покрај нив. Тие биле богати со дивеч и пасишта, а реките обилувале со риби и чиста вода за пиење. Земја за обработка имало сосема малку. Основно занимање им било сточарството. Поради препреките на планините и реките, се создале две средновековни држави: **Дукља (Зета)** и **Рашка (Србија)**. Како посебни држави, тие имале свои владетелски семејства и своја култура.




*Рашка и Дукља од IX до XI век.*

**Размислете:** Кога се населиле српските племиња и со што се занимавале?

## Рашка

Србите се населиле на Балканот за време на владеењето на византискиот цар Ираклиј. Тие се населиле меѓу реките: Ибар, Лим, Дрина и Западна Морава, во областа Рас. На таа територија, создале своја држава. Според името на тврдината **Рас,** која била средиште на српските племиња, државата била наречена **Рашка**. Како и другите словенски племиња на Балканот, и српските племиња живееле во **склавинии**. На чело на склавинијата стоеле племенски старешини – **жупани**. Во средината на IX век Србите биле обединети околу жупанот **Властимир**. Србите го примиле христијанството за времето на византискиот **цар Василиј I Македонец** (867–886). Рашката држава била под силно културно и политичко влијание на Византија. Порано Србите сами ги избирале своите жупани, а по примањето на христијанството жупаните им ги поставувала Византија. Во првите децении на X век, Рашка паднала под бугарска власт, а во времето на **жупанот Часлав**, станала независна. За време на владеењето на цар Самоил, Рашка паднала под македонска власт. По паѓањето на Македонското Царство под власта на Византија, и таа потпаднала под византиска власт. Во последната деценија на XI век, рашкиот жупан Вукан, неколку пати се бунтувал против Византијците.



*Тврдината Рас*

**Задача:** Опишете го создавањето на државата Рашка.

## Дукља или Зета

Областа **Дукља** го добила името според градот **Доклеа**. Од словенските племиња била населена во средината на VII век. Словените живееле во **склавинии**, на чие чело стоел старешина – **жупан**. Во X век жупаниите се организирале во држава, на чело со **кнез**. При крајот на X век во кнежевството Дукља владеел кнезот Владимир. Неговата земја ја нападнал македонскиот цар Самоил. Владимир бил заробен и испратен во македонската престолнина Преспа. Откако се оженил со Косара, ќерка на цар Самоил, се вратил во Зета. Со паѓањето на Македонското Царство и Зета паднала под византиска власт.



*Дукљанскиот крал Михајло*

Во четвртата деценија на XI век жителите на Дукља се дигнале на бунт против византиската власт на чело со кнезот **Стефан Војислав**. Тој бил заробен од Византијците, но успеал да побегне. Дукља, најголем подем доживеала во време на владеењето на кнезот **Михаил**. Тој ја проширил државата и се прогласил за крал. Кралската круна ја добил од папата.

**Задача:** Објаснете го растежот на Дукљанската држава.

# АЛБАНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК

## Албанија под византинска власт. Христијанство

По пропаѓањето на Западната Римска Империја, териториите на Илирија влегле во составот на Источната Римска Империја – Византија. Илирските области го зафаќале западниот дел на Византиската Империја и одиграле важна улога во односите меѓу Истокот и Западот. Важно место во таа врска имал **патот Виа Егнатија**, а Драч бил главно пристаниште во западниот дел на Византиската Империја.



*Мозаик од христијанската базилика во Лин - Подградец*

Од првите векови по Христос, во Илирија почнало да се шири христијанството. Главни средишта на ширењето на христијанството биле градовите каде се основале првите религиозни заедници. Главните епископски центри се наоѓале во **Аполонија**, **Авлона** (Валона) и **Бутринт.** Епископиите биле зависни од митрополитите чии седишта биле во провинциските центри.

**Задача:**
Наведете ги поважните епископски центри во Илирија.

Иако албанските области биле под Византиска власт, црковната власт била под надлежност на римскиот папа. Во **732 година** византискиот цар ја одвоил Илирската црква од Рим и ја приклучил кон Цариградската патријаршија.

Во V и VI век, во Илирија, како и во другите земји на Балканот, навлегле варвар-скиите народи Готи, Хуни, Анти, Авари и на крајот Словени. Таму каде што поминувале тие пустошеле, ограбувале и ги заробувале староседелците. За разлика од другите наезди на варварските народи во претходните периоди, кои не се населиле, туку поминувале, единствено Словените се населиле на Балканскиот Полуостров и извршиле негова колонизација. Со населувањето на Словените, на Балканот се случиле големи етнички промени. Словените се населиле главно во северна Илирија, а во другите области на Илирија имало помали словенски групи. **Староседелците** останале заштитени во **северните делови** на Албанија и во некогашните провинции **Нов** и во **Стар Епир**. Во јужниот дел на Албанија се населило дел од словенското племе **Вајунити**.



*Средновековен накит од Албанија VII-IX век*

Од VIII век Византиската Империја на Балканот, создала неколку управни области – **теми**. Албанските територии во првата половина на IX век биле во составот на темите Драч и Никопол. Темата Драч го опфаќала градот Драч и пошироката околина, а областите од реката Вјоса до заливот Арта на југ влегувале во Никополската тема.

**Задача:** Во кои византиски теми се наоѓале албанските области.

Во средината на IX век Бугарија ги освоила албанските области од градовите Берат и Девол сè до Валона. За време на бугарскиот цар Симеон (893–927), бугарската држава се проширила и на другите албански територии (Валона, Химара и Бутринт во темата Никопол и 30 тврдини во темата Драч).

Во втората половина на X век, албанските области влегле во составот на Самоиловата држава. Македонскиот цар Самоил го освоил Драч. Престолнината на Македонското Царство најнапред била во Преспа, а потоа во Охрид. Освојувањата на Самоил биле краткотрајни. Византискиот император Василиј II во 1018 година ја уништил Самоиловата држава. Со тоа албанските области повторно потпаднале под Византиска власт.

**Размислете:** Под чија власт се наоѓале албанските области од IX до XII век.

# 3 МАКЕДОНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК



## НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

### Населување на Словените и промени во топонимијата

При крајот на VI и првите децении на VII век, Македонија со исклучок на Солун, била населена од Словените. За време на населувањето тие ги напаѓале градовите и селата. За да се спасат од нападите, староседелците ги напуштале градовите и селата и бегале во подобро утврдените градови како Солун, Мосинопол (Кавала) и во Тракија. Територијата на Македонија била населена со повеќе словенски племиња. Од нив попознати се племињата: **Драговити**, **Берзити**, **Велегезити**, **Струмјани**, **Ринхини**, **Сагудати** и др.

Со населувањето на словенските племиња во Македонија дошло до словенизирање – менување на имињата на градовите, селата, планините, езерата, реките и др. Градот **Лихнидос** бил преименуван во **Охрид**, **Скупи** станало **Скопје**,




*Македонски словенски племиња*

**Задача:** Според картата определете кои словенски племиња ја населиле Македонија.

античката **Вилазора** го добила името **Велес**, а **Астибо – Штип**. Реката **Аксиос** го добила името **Велика** (подоцна Вардар), реката **Еригон** станала **Црна Река**, **Баргала – Брегалница**, а **Лихнидското Езеро** го добило словенското име **Охридско Езеро**.

## Македонските склавинии

По населувањето во Македонија словенските племиња основале свои области кои се нарекувале **склавинии**. На чело на склавиниите стоеле племенски старешини – **кнезови**. Името на склавинијата се добивало според името на племето. Склавинијата на Берзитите се нарекувала **Берзитија**, на Драговитите – **Драговитија**, на Велегезитите – **Велегезитија** и др. Во случај на опасност или кога го опсадувале Солун, склавиниите се организирале во племенски сојуз. Тогаш власта му ја предавале на еден водач, кого византиските автори го нарекуваат „архонт“ (водач), или „рекс“ (крал). Од склавиниите во Македонија најпозната била **Берзитија**. Таа се простирала во Централна Македонија, а седиштето се наоѓало во Прилеп. **Кнежевството на Берзитија** постоело од средината на VII до крајот на VIII век. Во 799 година на чело на Берзитија стоел кнезот **Акамир**.



*Кнежевскиот престол на Берзитите, Маркови Кули кај Прилеп*

**Задача:** Кое било најпознато македонско кнежевство, каде се наоѓало седиштето и кој бил негов кнез.

## Односот на Словените кон староседелците

При населувањето на Словените во Македонија тие како староседелци ги затекнале **античките Македонци**. Во почетокот односите биле лоши, но постепено се подобрувале. Македонците биле христијани и со повисока култура. Постепено почнале меѓусебно да соработуваат. Словените за новата татковина го прифатиле името **Македонија** и почнале да се нарекуваат **Македонци**. Староседелците Македонци го прифатиле словенскиот јазик, а подоцна и словенското писмо. Остатоци од античките Македонци се Власите.



## Словенските напади на Солун



*Ѕидините на Солун*

Словените повеќепати се обидувале да го освојат Солун. Во 584 година била првата опсада. Откако не успеале да го освојат Словените се населиле во Солунско Поле. По две години, на помош ги повикале Аварите. По неуспешната опсада Аварите се повлекле зад реката Дунав, а Словените се раселиле во разни области во Македонија. Во VII век словенските племиња под водство на **кнезот Хацон** две години го држеле под опсада градот. Во 618 година почнала најголемата опсада на Солун. Убедени дека овојпат ќе го освојат градот, Словените со себе ги повеле и семејствата. Големата словенска опсада од копно и од море била неуспешна поради цврстите ѕидини на градот Солун.

Во втората половина на VII век македонските словенски племиња се обединиле во голем **племенски сојуз,** на чело со **кнезот** на Ринхините **Пребонд**. Здружените словенски племиња имале намера во Солун да ја отстранат византиската власт и да создадат своја држава. Во 674 година, по заповед на византискиот цар, кнезот Пребонд кој се наоѓал во Солун, со измама бил фатен и убиен. Со неговата смрт склавинијата на Ринхините се распаднала.

**Задача:** Опишете ги словенските опсади на Солун.



*Словените со моноксили го напаѓаат Солун. Византијците се бранат со “грчки оган”*

# ПОЈАВА И РАЗВИТОК НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ И КУЛТУРА

## Христијанизација на Словените во Македонија

Со населувањето на Словените во Македонија, постепено почнала нивната христијанизација. Првите сознанија за христијанството тие ги дознале и примиле од староседелците – античките Македонци. Под нивно влијание, македонските Словени почнале да го прифаќаат христијанството. Од средината на IX век, Византија почнала организирано да го проповеда христијанството. Пречка за христијанизацијата, бил грчкиот јазик кој Словените не го разбирале.

**Задача:** Од кого македонските Словени ги добиле првите сознанија за христијанството?



Св. Кирил



Св. Методиј

## Создавање на словенската азбука и писменост

Словените уште во старата татковина имале примитивно писмо, составено од **„црти"** и **„решки"**. По населувањето во новите земји продолжиле да го употребуваат тоа писмо. Христијанизацијата на македонските Словени се вршела на грчки јазик. Тој, јазик бил неразбирлив за Словените, па затоа се јавила потреба од создавање писмо со кое на разбирлив словенски јазик ќе се проповеда христијанството. За побрза христијанизација на македонските Словени, светите браќа **Кирил** и **Методиј** ја создале првата **словенска азбука**, наречена **глаголица**. Азбуката била составена од **38 букви**. Откако ја создале азбуката светите браќа почнале да преведуваат црковни книги од грчки на словенски јазик. Св. Кирил и св. Методиј по потекло биле Словени од Солун. Книгите ги преведувале на јазикот на македонските Словени од околината на Солун. При крајот на IX век врз основа на глаголицата била создадена полесна азбука, која во чест на св. Кирил, била наречена **кирилица**.



*Асеманово евангелие, лист од глаголски ракопис*

Со преведувањето црковни книги на словенски јазик биле поставени основите на словенската писменост и култура. Солунските браќа, во манастирите почнале да ги основаат и првите училишта, каде свештениците го изучувале словенското писмо. На таков начин христијанизацијата меѓу македонските Словени се вршела побрзо и полесно. Од Македонија словенската писменост се проширила и во другите словенски земји, најпрво во Бугарија, потоа во Моравија, Панонија, Србија, а подоцна и во Русија. Со словенското писмо се забрзала христијанизацијата и на тие земји и нивното воведување во тогашниот културен свет.

**Размислете:** Кој ја создал словенската азбука и зошто?

*„Мудри мисли" дело на св. Кирил, кирилски ракопис*



## Мисиите на св. Кирил и св. Методиј

Веста за создавањето словенско писмо и преведувањето на црковните книги на словенски јазик се расчула далеку меѓу жителите на словенските земји. Најголемо значење има **Моравската мисија**. Германските свештеници меѓу Словените во Моравија, христијанството го проповедале на латински јазик. Тој јазик бил неразбирлив за нив. Затоа, моравскиот кнез **Ростислав**, испратил свои луѓе во Византија. Тој го замолил византискиот цар да му испрати учени луѓе, кои ќе го проповедаат христијанството на словенски јазик. Царот ги повикал св. Кирил и св Методиј. Тие, откако пределе уште некои црковни книги, ги повеле своите ученици – свештеници и заминале во Моравија.

Мисионерската дејност на светите браќа во Моравија, била попречувана од германското свештенство. Тие биле наклеветени кај папата дека шират лажно учење. Затоа тие биле принудени да одат кај папата во Рим. Папата ги примил добро и ја одобрил нивната мисија. Во меѓувреме, св. Кирил умрел во Рим, а св. Методиј се вратил во Моравија и го продолжил ширењето на христијанството на словенски јазик. Сепак, германските свештеници продолжиле да му пречат во неговата работа. По неговата смрт, германското свештенство ги протерало неговите ученици – свештеници од Моравија.

**Размислете:** Зошто св. Кирил и св. Методиј заминале во Моравија?

**Задача:**
На 24 мај – Денот на словенските просветители посетете го споменикот на св. Кирил и св. Методиј во Скопје или во Охрид.



*Св. Кирил и св. Методиј држат богослужба на словенски јазик пред папата Адријан II во Рим*



*Св. Кирил и св. Методиј во црковна поворка во Рим*



# ДЕЈНОСТА НА СВ. КЛИМЕНТ И СВ. НАУМ

## Доаѓањето на св. Климент и св. Наум во Македонија

По смртта на св. Методиј, германските свештеници во Моравија ја забраниле словенската богослужба, свештениците ги затворале, убивале или прогонувале. Неговите ученици св. Климент, св. Наум, св. Горазд, св. Ангелариј и др. биле прогонети. Од Моравија тие побегнале во бугарското кнежевство. Во бугарската престолнина Плиска, ги примил кнезот Борис. Откако се одмориле, тие ја почнале богослужбата на словенски јазик. На бугарскиот двор тие дошле во судир со грчките свештеници, кои проповедале на грчки јазик. Затоа, св. Климент решил да замине во Македонија. Тогаш, поголем дел од Македонија и Јужна Албанија биле во составот на бугарската држава.

**Размислете:** Зошто св. Климент ја напуштил бугарската престолнина и заминал во Македонија?



*Св. Климент*



*Св. Наум*

Во **886 година** св. Климент заминал во областа **Кутмичевица** (Охридско – деволската област). Во тие области христијанството не било многу проширено. Таму ја заменил богослужбата од грчки на словенски јазик. Затоа неговата дејност имала големо значење. Како учител и свештеник, на словенски јазик ги поучувал луѓето во Христовата вера, ги учел да пишуваат со словенско писмо, а преведувал и свети книги од грчки на словенски јазик. За да успее во таа важна мисија, градел училишта, цркви и

манастири, не само во Охрид туку и во целата област. Најважно средиште од каде ја вршел просветителско–црковната дејност бил градот Охрид. Работата барала тој да патува на различни места и да биде постојано во движење. Поради напорната работа во ширењето на христијанството и словенското писмо, св. Климент има голема заслуга за создавањето на словенската црква во Македонија. Во 893 година, **св. Климент** бил назначен за **прв словенски епископ**. Набрзо, во неговата мисија меѓу Словените во југозападна Македонија и јужна Албанија, почнал да му помага св. Наум. Тој ја презел и продолжил неговата учителска и просветителска дејност.

**Задача:** Опишете ја дејноста на св. Климент.



*Обновениот храм Св. Пантелејмон и Св. Климент - Плаошник, Охрид*

## Создавање на Охридската книжевна школа

Освен црковната дејност, св. Климент развил голема просветителска и книжевна дејност. Средиште на неговата дејност бил градот Охрид. Според името на градот и областа во која дејствувал, школата што ја создал, се нарекува **Охридска книжевна школа**. Таа школа има големо значење за ширењето на словенската писменост меѓу Словените во Македонија и јужна Албанија. Таму се подготвувале свештеници кои одржувале богослужба на словенски јазик, учители, уметници, агрономи и др. Освен просветителската дејност, тој ги поучувал учениците и луѓето на хигиена, како подобро да ја обработуваат земјата, да калемат овошки и др. За време на својата дејност во Охридско–деволската област, св. Климент со своите помошници описменил **3 500** ученици. Во записите за неговата дејност се кажува дека тој бил многу трпелив и во секое време им помагал на учениците.

Св. Климент се занимавал со преведувачка дејност. Преведувал црковни книги од грчки на словенски јазик. Со тоа ги збогатувал знаењата на своите ученици и свештеници. Самиот тој пишувал поезија, беседи, молитви, пофални слова и др. Со ваквата дејност ги поставил основите на македонската и словенската литература. Поради плодната образовна дејност, Охридската книжевна школа се нарекува **прв словенски универзитет**. Во македонската традиција познат е како **Климентов универзитет**.

Св. Климент во Охрид го изградил манастирот Св. Пантелејмон. Таму се наоѓале просториите на првиот словенски универзитет. Пред да умре во 916 година, во својот манастир, со свои раце си го ископал гробот каде бил погребан. Помалку од еден век по смртта, св. Климент бил прогласен за светец, а во Охрид е прифатен како заштитник на градот.

**Задача:** За време на екскурзија во Охрид, посетете го манастирот Св. Пантелејмон и Св. Климент.

И св. Наум, кој ја продолжил просветителската дејност на св. Климент, има голема заслуга за работата на Охридската книжевна школа. Тој на јужниот брег на Охридско Езеро го изградил манастирот Св. Архангели познат како Св. Наум. Св. Наум е познат како лекар, исцелител и чудотворец.

**Задача:** Наставникот да им раскаже на учениците за чудото на св. Наум во врска со впрегнувањето на мечката.





*Манастирот Св. Наум, Охрид*

*Чудото на Св. Наум со мечката, фреска*

# БОГОМИЛСКОТО ДВИЖЕЊЕ

## Појава на богомилското учење

Во X век поголемиот дел на Македонија се наоѓал под бугарска, а помалиот дел под византиска власт. Во времето на бугарскиот **цар Петар** во делот на Македонија под бугарска власт, се појавило богомилското движење. Богомилите го добиле името според основачот на движењето **попот Богомил**. Така се нарекувале затоа што му биле „**мили на Бога**", што значи **Бого-мили.**

Селото Богомила, Велешко, се поврзува со родното место на попот Богомил. Бидејќи биле прогонувани од државата и црквата, се собирале и се криеле во пештерите кај велешкото село Нежилово. Со богомилството и богомилите, се поврзуваат планината Бабуна и реката Бабуна.

**Размислете:** Кога и каде се појавило богомилското движење?

## Учењето и организацијата на Богомилите

Богомилите верувале дека постојат две сили во природата кои се борат меѓу себе: **доброто** и **злото**. Добрата сила за нив бил **господ Бог**, творецот на невидливиот небесен свет, а лошата сила бил **ѓаволот** – сатаната, творецот на целиот земен свет.



*Ѓаволот пред вратата на пеколот*



Црквата ја сметале за дело на ѓаволот и не ја признавале. Не ги признавале крстот, иконите, црквите, манастирите, верските празници и др. Ја признавале само молитвата **Оче наш**. Против државата и против богатите проповедале непослушност. Затоа црквата и државата често ги прогонувале.

Тие учеле дека во секојдневниот живот треба да се биде скромен. Јаделе само растителна храна. Јадењето месо и пиењето вино, строго било забрането. Тоа го сметале за дело на ѓаволот.

Богомилите биле организирани во **религиозни општини**, каде ги извршувале своите обреди. Општините се грижеле за животот во заедницата и за зголемување на бројот на приврзаниците. Религиозната општина ја раководел најстариот и најугледен член. Тој се нарекувал „**дедо**" или „**дедец**". Во Македонија познати биле Мегленската и Драговитската богомилска општина.

**Задача:** Опишете го верувањето на богомилите.



*Богомилски проповедник*



*Надгробен споменик од Босна*

## Ширење на богомилството

Богомилското движење од Македонија се проширило и во другите балкански земји: Бугарија, Византија, Србија и Босна. Во времето на византискиот цар Алексиј I Комнен богомилството било раширено и на царскиот двор. **Попот Василиј**, водач на богомилите бил запален на клада. Во Босна богомилите се нарекувале **патарени**. Подоцна, од Балканот, богомилството се проширило во Италија и Франција.

**Задача:** Во кои земји се проширило богомилското движење?

# СОЗДАВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА ДРЖАВА

## Создавање на државата

Во средината на X век, поголемиот дел од Македонија бил во составот на Бугарската држава. Кога Византија откажала да им го плаќа данокот на Бугарите, почнала војна. Византија ги повикала Русите да ја нападнат Бугарија. Во почетокот на 969 година бугарскиот цар Петар умрел. Бугарија била нападната од Русите. Во истата, **969 година** во југозападниот дел на Македонија, синовите на **комесот** (кнезот) **Никола**, **комитопулите** (млади кнезови) **Давид**, **Мојсеј**, **Арон** и **Самоил** дигнале **востание** против бугарската власт. Тие ја отфрлиле бугарската власт и создале самостојна македонска држава.

**Размислете:** Кога е создадена македонската средновековна држава. Кои биле водачите на востанието?

Во летото 971 година Византија ги протерала Русите од Бугарија. Комитопулите, за да ја зачуваат Македонија, ја признале византиската власт. По смртта на византискиот цар Јован I Цимискиј во **976 година**, Комитопулите дигнале востание против византиската власт. Со тоа востание Македонија повторно станала независна држава. Со државата управувале четворицата



*Островот Св. Ахил, Преспа*



браќа (тетрархија). Во почетокот, **престолнината** на Македонската држава била во **Преспа,** на островот Св. Ахил, а по прогласувањето на Самоил за цар, престолнина на Царството станал градот **Охрид**.

**Задача:** Кога Македонија повторно станала независна држава. Каде се наоѓале престолнините?



*Самоиловата тврдина во Охрид*

## Проширување на македонската држава

Веднаш по осамостојувањето, комитопулите почнале војна за проширување на државата. Во походот на југ кон Костур, загинал најстариот брат Давид, а за време на опсадата на Сер загинал и Мојсеј. Државата продолжиле да ја управуваат браќата Арон и Самоил. Македонските комитопули успеале да ја ослободат речиси цела Македонија со исклучок на Солун. Тие успеале да освојат и делови од некогашна Бугарија со градот Сердика (Софија). Византискиот цар Василиј II, презел поход за да го спречи ширењето на македонската држава. Тој со голема војска се упатил кон Сердика. Во битката кај **Трајановата врата во 986 година** браќата Самоил и Арон ја нападнале византиската војска и ја поразиле. Византискиот цар одвај се спасил со бегство. По таа голема победа, цела Бугарија до реката Дунав, потпаднала под македонска власт.



*Цар Самоил*

Во 987 година, во борбата за престолот, Арон бил убиен со што Самоил станал единствен владетел – **монарх**. За кратко време, Самоил завладеал со поголем дел на Балканскиот Полуостров. Во составот на Македонското Царство, освен Македонија без Солун, се наоѓале: цела **Бугарија**, **Рашка**, **Босна**, **Далмација**, **Дукља**, **Албанија**, **Епир** и **Тесалија**. Македонската држава се простирала од реките Сава и Дунав, на север, до планината Олимп во Грција на југ, од Црно Море на исток до Јадранско Море на запад.

**Задача:** Опишете ги границите на Македонското Царство.




*Карта на Македонското Царство*

## Македонија станува Царство

**При крајот на X век** Самоил се прогласил за **цар**. Круната ја добил од папата во Рим. Во престолнината **Преспа, свеченото крунисување** го извршиле свештеници на папата, во придружба на македонски свештеници. Со крунисувањето на Самоил за цар, Македонија станала **Царство**. Синот на Самоил, Гаврил Радомир, се оженил со сестрата на унгарскиот крал, а ќерката Косара се омажила за зетскиот кнез Јован Владимир. Со крунисувањето на Самоил за цар и сојузничките односи со папата, Унгарското кралство и Дукљанското Кнежество, Македонското Царство станало меѓународно призната држава.



# ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРОПАЃАЊЕ НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА

## Организација на Македонската држава

Македонското Царство било централизирана држава. На чело на државата стоел **монархот – царот**. Тој имал **неограничена власт**. Царот живел во престолнината Преспа, а подоцна во Охрид. Таму имал **раскошни куќи – дворец** (палата). Во дворецот живеело неговото семејство и неговите најблиски соработници – советници и дипломати. За непослушните и непријателите на државата, имал затвор. На владетелскиот двор, постоела **дворска канцеларија**. Таму се пишувале заповеди, писма, пораки и др. Се пишувало на **словенски јазик** со кирилски букви. Грчкиот и латинскиот јазик биле за меѓународна употреба.

**Задача:** Опишете го животот на владетелскиот двор.

Во управувањето на државата, царот се потпирал на **војската** и **свештенството**. Војската се состоела од пешадија и коњица. Царот имал посебна воена единица која била опремена со **панцири** и **оклопи**. За полесно управување, државата била поделена на **области**. Областите ги управувале **управници**, кои биле од благородничко потекло. Нив ги назначувал царот и тие му биле потчинети нему. **Најблиските роднини** на царот биле управници на поголемите градови и поважни области.

**Размислете:** Како царот ја управувал државата.



*Војската на Самоил го напаѓа Солун*

Важна улога во државата имала црквата. Македонската црква во почетокот била **архиепископија**, а по прогласувањето на Самоил за цар станала **патријаршија**. Седиштето на архиепископот–патријархот се наоѓало во престолнината (Преспа и Охрид). Највисоките свештеници, како учени луѓе, му биле советници на царот. За да ја придобие поддршката на црквата, владетелот и давал подароци и имоти.

Населението се состоело од **благородници**, **занаетчии** и **селани**. Благородниците биле богати и учествувале во управувањето на државата. Занаетчиите изработувале оружје, земјоделски алати, обувки, облека и др. Мнозинството од населението биле слободни селани. Тие ја работеле својата земја. Давале данок во натура, а имале и работни обврски кон државата. Во Македонското Царство најмногу бројни биле Македонците, а освен нив живееле Грци, Ерменци, Власи, Албанци, Срби и др.

**Задача:** Колку слоеви на население имало во Македонското Царство?



*Битката кај Беласица на 29 јули 1014 г., минијатура*



*Маченици, ослепени македонски војници, фреска од црквата Св. Леонтиј - Водоча кај Струмица XI век*

## Слабеење и пропаѓање на Македонското Царство

Во почетокот на XI век, византиският цар Василиј II неколку години го напаѓал Македонското Царство. И покрај големите загуби, Самоил, успешно се противставувал. Со време, границите на Царството почнале да се намалуваат. Во **летото 1014** година, византискиот цар ја нападнал македонската војска во клисурата меѓу планините Огражден и Беласица. Македонскиот цар Самоил бил нападнат од зад грб при што одвај се спасил со бегство. Во **Битката на Беласица** македонската војска претрпела тежок пораз. Византискиот цар заробил 14 000 македонски војници. Тој заповедал да им се извадат очите, а на секој стоти војник му оставил по едно око. Не можејќи да го поднесе поразот, Самоил добил срцев удар. На 6 октомври 1014 година умрел во Преспа.



**Размислете:** Опишете ја Битката на Беласица и што се случило по неа.



*Смртта на Самоил, минијатура од XIV век*

По смртта на Самоил, престолот го наследил неговиот син царот **Гаврил Радомир**. Во Царството се појавиле несогласувања. По една година, неговиот братучед **Јован Владислав**, кому Радомир порано му го спасил животот, го убил царот. Со државата завладеал царот Јован Владислав. И покрај сите негови напори, ни тој не можел да го спречи слабеењето на државата. Во зимата 1018 година царот Јован Владислав со голема војска го нападнал Драч. При обидот да го освои градот, тој загинал.

По неговата смрт со државата управувала царицата Марија. Византискиот цар го презел последниот поход против Македонското Царство. Управниците на градовите, еден по еден, се предавале. При крајот на 1018 година, византискиот цар ја освоил цела Македонија, со што земјата потпаднала под византиска власт.



*Дел од облеката на Самоил*

**Задача:** Кои настани се случиле во Македонското Царство по смртта на Самоил?

# ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА



*Св. Ахил, - Мала Преспа, седиштето на првата македонска Архиепископија*

Македонската црква има свои корени од ранохристијанскиот период. **Апостолот Павле** со првите христијански општини во Македонија ги поставил **основите на македонската црква. Св. Климент**, како прв „епископ словенски" има **апостолска улога** во ширењето на христијанството на словенски јазик меѓу Словените во Македонија и Албанија.

Со создавањето на македонската средновековна држава, била создадена **самостојна црква - архиепископија**. Нејзиното седиштето било во **Преспа**. Прв архиепископ на македонската црква бил **Герман**. По крунисувањето на Самоил за цар, Архиепископијата станала патријаршија. Црковното седиште, од Преспа било пренесено во Охрид. По Охрид, каде најдолго се наоѓало седиштето Архиепископијата е позната како Охридска архиепископија. Нејзината самостојност ја признал **римскиот папа**. По пропаѓањето на Македонското Царство, византискиот цар Василиј II, ја потврдил **самостојноста (автокефалноста)** на Охридската архиепископија. Охридската архиепископија ги задржала сите епископии кои ги имала во времето на цар Самоил. За нов поглавар на Охридската архиепископија бил поставен **Јован Дебарски**. Тој бил последен архиепископ од македонско потекло. По неговата смрт византиските цареви за архиепископи поставувале Грци.

**Размислете:** Каде се корените на македонската црква?



**Задача:** Кој бил прв архиепископ на Македонската црква?

**Размислете:** Што се случило со Охридската архиепископија по пропаѓањето на Македонското Царство?




*Охридската архиепископија според повелбата од 1020 година*

## Организација на црквата

На чело на Охридската архиепископија стоел **архиепископот** како врховен поглавар. Пред световната власт и пред другите цркви, тој ја претставувал автокефалноста на Архиепископијата. Територијата на Охридската архиепископија се делела на **епархии**. Со нив управувале **епископи**. Епископите управувале со црквите и манастирите во својата епархија. Тие поставувале свештеници и ги сменувале. Архиепископот и епископите го претставувале **високото свештенство**. Пониските свештеници, монасите и ѓаконите го претставувале **ниското свештенство**.

**Задача:** Опишете ја организацијата на Охридската архиепископија.



file:///E|/5800/mah/mah.htm (25 of 67)23.11.09 10:21:49

## Значењето на Охридската архиепископија

Охридската архиепископија одиграла многу важна улога за македонскиот народ во средниот век. Од XI век со назначувањето архиепископи Грци, во црквите се пишувале книги на грчки јазик, а од порано напишаните на словенски, се преведувале на грчки или се уништувале. Македонското свештенство преку книжевните школи во црквите и манастирите ја ширела словенската писменост и било нејзин верен чувар. Таму се создавале вредни книжевни дела на словенски јазик. Со градбата на црквите се унапредувала архитектурата, а со фрескоживописот и иконите се развивала уметноста. Охридската архиепископија била духовен чувар на народот. Архиепископијата ја развивала музичката уметност преку хоровите и црковното пеење.



*Св. Софија, седиштето на Охридската архиепископија*

**Истражувајте:** Со вашиот наставник изработете проект за седиштата (црквите) на Охридската архиепископија



# ВОСТАНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВО XI ВЕК

Положбата на населението во Македонија под византиска власт се влошила. Биле наложени високи давачки, и бесплатни обврски – градење тврдини, патишта, мостови и др. Незадоволството се зголемило со заповедта на византискиот цар данокот да се плаќа во пари. Македонскиот народ повторно почнал да ја пројавува *„поранешната своја дрскост"* и *„се стремел кон слобода"* и со гордост се сеќавал на својата држава од времето на Самоил.

## Востанието на Петар Делјан (1040-1041)

Водач на востанието бил **Петар Делјан**. Тој бил **внук на цар Самоил** и син на царот Гаврил Радомир. Мајка му била од унгарско кралско семејство. Петар Делјан се родил и израснал во Унгарија, на кралскиот двор.

**Задача:** Објаснете го потеклото на Петар Делјан.

Во пролетта 1040 година во Македонија се дигнало востание. Водачите на востанието се упатиле кон унгарската граница. Откако пристигнал Петар Делјан, востаниците го прогласиле за цар. По долината на реката Морава, тие тргнале на југ. Секаде биле пречекувани со радост. Востаниците брзо го ослободиле Скопје.

Во тоа време и словенското население во Албанија се дигнало на востание, под водство на Тихомир. Штом дознале за пристигнувањето на Делјан во Скопје и тие се упатиле натаму. По средбата на востаничките војски, Петар Делјан докажал дека има царско потекло. Востаниците, него го избрале за водач, а Тихомир го убиле. Во Скопје, Петар Делјан бил крунисан за цар.

Востаничката војска од Скопје се упатила на југ, кон Солун. Бил ослободен поголем дел од Македонија, Србија, дел од Бугарија и Албанија. На пат за Солун, востаниците поставиле логор во Острово.

На Петар Делјан му се придружиле повеќе македонски благородници, кои биле во византиска служба. Меѓу нив, бил и Алусијан, син на последниот



*Востаниците го прогласуваат Петар Делјан за цар со издигнување на штит, минијатура*

македонски цар Јован Владислав. Нему Петар Делјан му дал војска за да го нападне Солун. Но, македонската војска пред Солун била поразена. Тоа било причина Петар Делјан и Алусијан меѓусебно да се обвинуваат за поразот. Алусијан го ослепел Петар Делјан и им се предал на Византијците. Византиската војска ги нападнала востаниците и го заробила Петар Делјан. Така востанието било задушено.

**Задача:** Опишете го текот на востанието на Петар Делјан.



*Петар Делјан го пречекува Алусијан во логорот во Острово*



*Алусијан неуспешно го опсадува Солун*





*Манојло Ивец подигнува дрвена преграда кај Прилеп*

**Истражувајте:** Според приложените слики, заедно со наставникот, опишете го изгледот на Петар Делјан, Алусијан, Манојло Ивец и на востаниците.

## Востанието на Ѓорѓи Војтех

Во 1072 година во Македонија избувнало уште едно востание. На чело на востанието бил македонскиот благородник од Скопје **Ѓорѓи Војтех.** Востанието прво се дигнало во Скопје. Востаниците побарале помош од зетскиот кнез Михајло, бидејќи бил во роднински врски со цар Самоил. Тој, го испратил да помогне својот син **Константин Бодин** со 300 војници. Македонските востаници го пречекале во Призрен, каде го прогласиле за свој цар. Оттаму востаниците се упатиле кон Македонија. Биле ослободени Скопје, Охрид и Преспа. На север од Македонија, востаниците го ослободиле Косово и Нишката област. Поразот на востаничката војска кај Костур ги натерал востаниците да се повлекуваат. По освојувањето на Скопје од Византијците, Ѓорѓи Војтех се упатил кон Косово, кај Бодин. Во решавачката битка, востаниците биле поразени. Водачите на востанието Ѓорѓи Војтех и Бодин биле заробени, а Македонија повторно паднала под византиска власт.

**Задача:** Опишете го текот на востанието на Ѓорѓи Војтех.

# 4 СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК



## СОЗДАВАЊЕТО И РАЗВИТОКОТ НА СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ГРАДОВИ

### Создавањето на средновековните градови

Како резултат на брзиот стопански развиток во XI век дошло до никнување и создавање на нови средновековни градови. Со развитокот на производството се појавил вишок на производи а со тоа и потреба од продажба на производите. Селаните – занаетчии почнале да ги напуштаат селата и да се населуваат на места каде можеле да ги продаваат своите производи. Се населувале близу до големите феудални поседи, покрај манастирите, крстосниците, важните трговски патишта, крај бреговите и мостовите на големите реки, морските заливи и др. Новосоздадените градови станувале средиште за живеење на голем број занаетчии, трговци и други граѓани. Занаетчиите и трговците основале свои здруженија. Градските занаетчии со ист занает се здружувале во **еснафи** или цехови, а трговците во здруженија наречени **гилди**.



*Ценова, околу 1540 год*

**Објасни:** Каде се основале средновековните градови?

Во Западна Европа, средновековни градови најрано се појавиле во Италија и Јужна Франција. Најпознати биле градовите Венеција, Ценова, Пиза, Марсеј и др.

### Изглед на средновековните градови



*Средновековен замок*

Надворешниот изглед на средновековните градови бил многу поразличен од изгледот на денешните градови. Се граделе на ридови или други побезбедни места, заради заштита од напади. Биле опкружени со високи камени ѕидини, со кули и огромни порти. Околу градот имало

длабоки ровови за одбрана од навлегувањето на непријателот. Поголемиот дел од градските згради биле дрвени. Куќите биле градени блиску, се ѕидале на катови. Како последица на нехигиенските услови, често се појавувале епидемии од кои масовно умирало населението. Средишно место во градот бил пазарот, во чија близина се наоѓала црквата и општината. Надвор од градските ѕидови, биле пасиштата и имотите на граѓаните.

**Задача:** Опиши еден средновековен град во твојата татковина.

**Анализирајте го текстот:**

„За потребите на жителите на замокот на грофот Балдуин, пред вратите на неговиот мост почнале да пристигнуваат трговци или продавачи на скапоцени работи... почнале да градат куќи и живеалишта...и станало обичај да велат „да одиме кај мостот". Населбата се зголемила во толкава мера што набргу се создал голем град кој и сега меѓу обичните луѓе се нарекува Мост, зашто на нивното наречје бриж значи мост".

Извадок од хроника од XIII век за создавањето на градот Бриж

## Воспоставување на градската самоуправа

Средновековните градови никнувале на земјата на феудалците. Во нивни раце била целата власт во градовите, им наметнувале даноци на жителите, ги терале да работат бесплатно и сл. Но, со економското зајакнување на градовите, се појавил и стремежот за ослободување од феудалната зависност. Тоа довело до почнување судир меѓу градот и феудалецот. Како резултат на таа борба почнала да се воспоставува градска самоуправа. Градовите што се ослободиле од власта на феудалците и воспоставиле своја управа се наречени **комуни**. Со нив управувал градски **совет**, на чело со **претседател**. Комуните имале и сопствен градски суд, градски воен одред и градски финансии.

Голем број од градовите, не само што станале самоуправни, туку и градови – републики.

**Задача:**
Заедно со наставникот наведете некои градови–републики, што ви се познати.

**Размисли:**
Кои се причините за почну–вањето на судирот меѓу градовите и феудалците?



*Дубровник во 18 век*



# ХУМАНИЗАМ И РЕНЕСАНСА

## Појава и развој на хуманизмот и ренесансата



*Убавината на човековото тело*

Италијанските градови во XIV век биле најразвиени економски и културни центри во Европа. Во нив дошло до побрз развиток на трговијата, мануфактурното производство, банкарството и др. Со тоа се забрзала и појавата на италијанскиот граѓански слој. Богатите граѓани сакале да си го направат животот уште побогат и пораскошен. Затоа почнале да го напуштаат феудално – црковното гледање на светот, според кое требало да се откажат од земните задоволства. Кај нив се појавил интерес да ги откријат тајните на природата и човекот. Човекот, а не бог, застанал во центарот на новиот поглед на светот. Оттука потекнува и името на новиот правец во културата – ***хуманизам*** (според латинскиот збор **хуманус – човечен**). Носителите на новата хуманистичка култура биле наречени хуманисти. Тие ги отфрлиле старите црковни сфаќања и се свртеле кон природните науки и кон античката култура. Се изучувал јазикот, книжевноста и филозофијата на древните Грци и Римјани. Затоа новото културно движење е познато и како ***ренесанса*** или преродба.

**Задача:** Објаснете ги поимите хуманизам и ренесанса.

Хуманизмот и ренесансата прво ги зафатиле италијанските градови Фиренца, Рим, Неапол, Милано и др. Културната преродба од XVI век брзо се проширила и во другите европски земји: Франција, Англија, Германија, Холандија и др.

**Задача:** Наведете каде прво се појавил хуманизмот.

***За љубопитните:***
Со најголем блесок и раскош се одликува градот Фиренца. Управниците на Фиренца од семејството Медичи трошеле огромни средства за украсување на градот со згради и цркви според новиот стил. Лоренцо Медичи привлекувал во својот раскошен дворец поети, сликари, архитекти, научници и филозофи.

## Развој на уметноста, книжевноста и науката



Црквата Св. Петар во Рим

За еден од првите хуманисти во Италија се смета **Франческо Петрарка** (XIV век). Тој се прославил со своите лирски песни (сонети) на италијански јазик. Неговиот современик **Џовани Бокачо** се истакнал со своите новели, собрани во „Декамерон". Еден од видните писатели бил и **Данте Алигиери** со своето дело „Божествена комедија", напишано на народен италијански јазик.

Голем напредок бил постигнат во областа на архитектурата. Се граделе големи, светли и раскошни дворци. Едно од најзначајните здании во архитектурата е црквата **Св. Петар** во Рим.

Во вајарството и сликарството се истакнувала убавината на човековото тело. Најпознати уметници биле: **Леонардо да Винчи**, **Микеланџело**, **Рафаело Санти**, **Тицијан** и др.

Голем напредок бил постигнат во науката, а особено во астрономијата и физиката. Најзначајни претставници биле **Никола Коперник** и **Галилео Галилеј**.



*Мона Лиза*
*- Леонардо да Винчи*

**Задача:**
Набројте ги најголемите ренесансни писатели и уметници.

***За љубопитните:***
Најпознато дело на Да Винчи е портретот Мона Лиза. На него работел 4 години. За време на сликањето тој ја опкружувал **Мона Лиза** со свирачи и пејачи, а постојано биле присутни и шутови кои ја развеселувале. Насмевката е претставена така пријатно, што изгледа повеќе како божествена отколку човечка. Очите со својот блесок, устата, носот, вратот, каде при внимателно гледање може да се види треперењето на пулсот, се претставени во најголема природност.

**Истражувајте:** Посетете го музејот на уметноста во Скопје и поразговарајте со наставникот по ликовна уметност.





*Давид - Микеланџело*



*Мадона со дете*
*- Тицијан Вечели*

*Создавањето на Адам - Микеланџело*



# ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА

## Причини за географските откритија



Една од каравелите на Колумбо со која пристигнал во новиот свет

Источните земји Индија и Кина биле главен извор за снабдување на Европа со разни зачини и мирудии, злато, скапоцени камења, свила и др. Со освојувањето на Мала Азија од Османлиите, биле прекинати сувоземните трговски патишта кон Исток. Тоа ги поттикнало Европејците да размислуваат како да се најде нов пат за Индија и другите источни земји.

**Задача:**
Објаснете ги причините за географските откритија.

## Нови технички пронајдоци

Како резултат на развитокот на науката и техниката во XIV и XV век, биле откриени нови технички пронајдоци. Тоа биле географската карта, компасот, огненото оружје, барутот и др. Бил изграден нов вид брод наречен **каравела**, кој бил поотпорен, лесно подвижен и можел да собере повеќе морнари. Новите технички достигнувања овозможиле да се преземат големи поморски патувања.

**Задача:** За што служат гореспоменатите пронајдоци?



## Откривањето на Америка

Првите патувања ги презеле шпански и португалски морепловци. Меѓу најголемите откритија е откривањето на новиот континент Америка. За тоа најзаслужен бил **Христофор Колумбо**. Тој во **1492 година** со 3 каравели тргнал од Шпанија и за неколку месеци стигнал до островот што го нарекол **Сан Салвадор**. Колумбо бил сигурен дека го открил новиот пат за Индија, па затоа и жителите ги нарекол Индијанци. Подоцна **Америго Веспучи** докажал дека не станува збор за Индија, туку за нов континент, кој по неговото име бил наречен **Америка**.



Колумбо пристигнува на Хаити




Карта на големите географски откритија

## Откривање на поморскиот пат за Индија и првото патување околу светот

Поморскиот пат за Индија го открил морепловецот **Васко де Гама**. Тој во 1498 година ја обиколил Африка и стигнал до индискиот брег.

Португалскиот морепловец Фернандо Магелан во 1519 година го почнал своето патување околу светот. Иако Магелан во текот на експедицијата бил убиен, сепак дел од неговите придружници во 1522 година се вратиле во Шпанија. Со тоа се потврдило дека Земјата има тркалезен облик.




*Фернандо Магелан*



*Васко де Гама*

## Значењето на големите откритија

Големите географски откритија придонеле за побрз развиток на западноевропските градови, кои станале големи трговски центри. Европските трговци од новооткриените територии носеле злато, сребро, зачини и др.

Почнало населувањето на Америка. Оттаму во Европа биле донесени нови, дотогаш непознати земјоделски култури: компир, пченка, тутун, какао и друго. Во Америка, пак, почнале да се одгледуваат памук, лоза, разно овошје и др., како и повеќе видови домашни животни.

**Размисли:** Кои се најзначајните придобивки од географските откритија?

***Анализирајте го текстот:***
За патувањето околу светот на Магелан, еден од учесниците напишал:
„На тој пат откривме многу и мошне богати острови, меѓу нив и Бандам, каде расте ореовов цвет и оревче, Јава каде расте црн пипер... Вие ќе знаете да ја цените што сме откриле, дека земјата е тркалезна, бидејќи ја препловивме патувајќи на запад, а се вративме од исток..."



# ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО СРЕДНИОТ ВЕК (ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК)

## Култура

Средновековната култура имала црковно–религиозен карактер. Црквите и манастирите биле единствени центри каде луѓето се здобивале со знаења. Во нив децата прво учеле напамет молитви, а дури потоа учеле да пишуваат и читаат.

Со развитокот на градовите се зголемила потребата од образовани луѓе. Затоа во градовите почнале да се отвораат световни училишта. Во XII век во многу европски градови биле отворени и првите универзитети. Најстари биле универзитетите во Болоња, Париз и Оксфорд.




*Универзитетски центри во Европа*

**Задача:** Според картата, по хронолошки ред, наведете ги универзитетските центри во Европа.

Во развиениот и доцен среден век дошло до поголем развој на книжевно–ста. За тоа голема заслуга има пронаоѓањето на печатницата од **Јохан**



Јохан Гутенберг, првиот печатар

**Гутенберг**. Најзначајни писатели во тоа време кои стекнале светска слава, се **Вилијам Шекспир**, **Мигел де Сервантес** и др.

**Задача:**
Кои дела од овие писатели ви се познати?



Волфганг Амадеус Моцарт

Од XVI век почнала да се развива и музиката. Главни музички центри биле италијанските градови, каде била создадена операта. Еден од најголемите композитори и мајстори на оперска музика е Австриецот **Моцарт**.

**Размислете:** Кои други музичари ви се познати?

Меѓу XI и XIII век бил постигнат голем напредок и во архитектурата. Се граделе катедрали, замоци, мостови и др. Се разликувале два стила: **романски** и **готски** стил.



Катедралата Нотр Дам - Париз



Катедралата во Ремс



## Наука

Во раниот среден век и науката била под контрола на црквата. Хуманизмот и ренесансата најмногу придонеле за развој на науките, како што се математиката, астрономијата, физиката, биологијата и др. Големо значење за астрономијата имаат **Никола Коперник** и **Галилео Галилеј**.

*Коперник докажал дека Земјата се врти околу својата замислена оска, а заедно со другите планети околу Сонцето.*

**Размислете:**
Во што се состои значењето на Никола Коперник и Галилео Галилеј.




Никола Коперник

*Галилеј го конструирал телескопот со кој ги проучувал небеските тела и ја потврдил Коперниковата теорија. Поради тоа бил осуден и затворен од црквата. При излегувањето од судницата, на судиите им се обратил со зборовите: **„Сепак, се врти"**, мислејќи на Земјата околу Сонцето.*



Галилео Галилеј

Истовремено со развојот на природните науки се развивала и филозофската мисла. Основна задача на филозофите била да ја ослободат филозофијата од црковното учење. Тие биле против привилегиите на црквата и нејзиното место во државата. Просветителството како движење се појавило во XVIII век, во Франција. Тие се залагале за заштита на правата на човекот: **слобода**, **еднаквост пред законот** и **право на сопственост**.

**Задача:** Направете анализа за залагањата на просветителите.

# 5 БАЛКАНОТ ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК



## ВИЗАНТИЈА ОД XII ДО XV ВЕК

Во времето на династијата на Комнените во XII век, Византија повторно почнала да зајакнува. Таа го засилила влијанието врз Балканските земји, Србија и Бугарија. Тие биле принудени да ѝ се потчинуваат на Византија. Во тој период Византија ја напаѓале Норманите, а големи загуби трпела и од крстоносците. Слабеењето на Византија се изразувало преку отцепувањето на крупните феудалци.



*Крстоносците го освојуваат Константинопол во 1204 година*

### Потпаѓање на Византија под власта на Латините

Во почетокот на XIII век, Византија потпаднала под власта на крстоносците при Четвртиот крстоносен поход. На територијата на Византија тие основале повеќе крстоносни држави, познати како латински држави. Од нив најпознати се **Латинското Царство** со престолнина во Константинопол, **Епирското деспотство** и **Солунското Кралство**. Во Мала Азија најмоќна држава било **Никејското Царство**. Латинските држави воделе војни меѓу себе, за тоа која од нив ќе биде наследничка на Византиското Царство.

### Обновување на Византиската Империја

Од средината на XIII век, Византиското Царство било обновено. На источните граници, како непријатели се јавиле Монголите и Турците – Селџуци, а на Балканот Српското Кралство и Бугарското Царство. Во првата половина на XIV век во Византија избувнала граѓанска војна од која најмногу полза имале балканските држави. На Исток, зајакнала Османлиската држава. Иако, Византија била принудена да попушта пред Османлиите, таа сè уште била држава со големо влијание во тогашниот средновековен свет.



*Јован IV Кантакузин (1347-1354), византиски цар и писател - фреска*

## Потпаѓање на Византиската Империја под власта на Османлиите

Во XV век Византија била бледа слика од некогашната моќна Византиска Империја. Повиците за помош до западноевропските земји не давале резултати, зашто и тие се плашеле од Османлиите. Со паѓањето на Солун под власта на Османлиите, територијата на Византиската Империја се свела на областа околу престолнината, мал дел од Мала Азија, и делови од Грција со Пелопонез. Неслогата на христијанските земји ја искористиле Османлиите. Последниот византиски цар **Константин XI Драгаш,** не можел ништо да направи за спасување на Византија. Во април **1453 година**, пред ѕидините на Константинопол, се собрала голема османлиска војска. За одбрана на градот, пристигнале 700 војници од италијанскиот град Ѓенова и мал број војници од западноевропските држави. Бранителите на Константинопол храбро се бранеле. За да ги охрабри, византискиот цар лично учествувал во одбраната на градот. Ѕидините попуштиле. Последната одбрана била пред црквата Св. Софија. **Во одбраната на Константинопол, загинал и византискиот цар.** Со паѓањето на престолнината, престанала да постои и Византија. Градот Константинопол, Османлиите го преименувале во **Истанбул.**

Византија како држава на светот му оставила богато културно наследство. До денес се воодушевуваме на големите градби, фреско–сликарството, византиската литература, книжевното наследство и воопшто на богатата култура.



*Изглед на Константинопол - Цариград во1453, минијатура*

**Задача:**
Зошто пропаднала Византиската Империја?



# ПОДЕМ НА БУГАРИЈА И СРБИЈА

## Второто Бугарско Царство

Со востанието на браќата **Петар** и **Асен** во **1185 година** биле ослободени областите меѓу реката Дунав и Стара Планина. Византија ја признала бугарската држава која е позната како **Второто Бугарско Царство.** Градот **Трново**, станал **престолнина**, а водачите на востанието Петар и Асен, се прогласиле за **цареви**.

Царот Калојан, бугарската држава ја проширил кон Македонија и Тракија. Тој војувал со Латините. Царот Јован II Асен војувал со Латинското Царство, Српското Кралство и со Епирците (Епирското деспотство). Во составот на неговата држава влегувале делови од Србија, Тракија, цела Македонија и Албанија. По неговата смрт Бугарија била нападната од Монголите – Татарите. Во XIV век, бугарската држава се простирала од реката Дунав на север, до градот Одрин на југ, и од Црно Море на исток, до реката Тимок и градот Ниш, на запад. Бугарија имала развиена трговија со соседните и подалечните земји. Во втората половина на XIV век Бугарија војувала со Османлиската Империја. Кон крајот на XIV век, со освојувањето на Трново, Бугарија подпаднала под османлиска власт.



*Бугарскиот цар Калојан, фреска од манастирот Дечани, 14 век*

**Задача:**
Опишете го создавањето на Второто Бугарско Царство и неговото јакнење.

## Создавањето и јакнењето на српската држава

Во втората половина на XII век српските жупани ја признавале византиската власт. Српската држава се наоѓала меѓу реките Јужна и Западна Морава и тврдината Рас. Жупанот **Стефан Немања** (1166–1196) со помош на Унгарците ја отфрлил византиската власт и основал независна држава. Тој успеал да ја прошири Србија на запад кон Зета и Травунија, а на исток до Ниш и Перник во Бугарија. Неговиот наследник, великиот жупан Стефан Првовенчани, во 1217 година, се прогласил за **крал**. Круната ја добил од папата. Наскоро била основана српската архиепископија.Кралството Србија постепено јакнело. Кралот Милутин



*Тврдината Маглиќ*

водел војни со Византија и најмногу ја проширил државата. Тој на Византија ѝ ја одзел северна Македонија со градот Скопје. На север Србија ја проширил до реката Дунав.



*Цар Душан,*
*фреска од Лесновскиот Манастир*

Во времето на кралот Душан, Србија имала најголема територија. Во војните со Византија, тој двојно ја зголемил територијата на Србија. Освојувал во средна и Јужна Македонија. Ги освоил градовите Прилеп, Охрид, Струмица, Костур и др. Кога го освоил Сер кралот Душан се прогласил за цар. Во **1346 година во Скопје** Стефан Душан бил крунисан за цар. Неговата царска титула, Византија не ја признавала. По неговата смрт, го наследил неговиот син Урош кој бил слаб владетел. Во негово време, Српското Царство се распаднало на помали кнежевства. По Битката на Косово Поле, српските кнежевства стапиле во вазални односи со Османлиите.

**Задачи:**
Кога Србија станала независна држава?
Кога станала кралство?
Кога Стефан Душан се прогласил за цар?



# АЛБАНСКОТО КНЕЖЕВСТВО И ДЕСПОТАТОТ АРТА (XII-XIII ВЕК)

Во XI век албанските територии биле под византиска власт. Кога почнал да се воспоставува феудализмот, името Илири не било во употреба. Албанците во историските извори првпат се споменуваат во средината на XI век. Во XII век со името Албанци биле нарекувани жителите кои ја населувале територијата на денешна Албанија.

## Албански феудални кнежества

При крајот на XII и почетокот на XIII век политичките околности во Албанија и соседните земји, се измениле. Слабоста на Византиската Империја ја искористиле балканските земји, кои ги обновиле и зајакнале своите држави. Се обновило Второто Бугарско Царство, Србија прераснала во Кралство, а во Албанија зајакнале албанските кнежевства и деспотатот Арта. Српската држава која зајакнала при крајот на XII век, успеала за кратко време да освои делови на северна Албанија.

При крајот на XII век во Албанија постоела локална династија, која подоцна прераснала во кнежевство. Прв претставник на тоа кнежевство бил Прогон (1190–1198). Центар на кнежевството била **Кроја**. Кнежевството се простирало од реката Шкумба до реката Дрим. По смртта на Прогон, господството го завладеале неговите синови Ѓин (1198–1208) и Димитриј (1208–1216). Најголем подем албанското кнежество достигнало за време на Димитриј. Како господар тој бил висок судија – **арконд**. Тој се оженил со ќерката на српскиот голем жупан Стефан Немања и внука на византискиот цар Алексиј III Ангел. Во 1209 година, потпишал договор за соработка со Дубровничката Република и почнал преговори со папата за преминување од православна во католичка вера. По смртта на Димитриј, неговата жена на која ѝ останало наследството се омажила за **Грегор Комнен** кој го наследил кнежевството. До средината на XIII век, Албанските области биле под **епирска**, **бугарска**, **византиска** и **српска** власт.



*Тврдината во Кроја*



file:///E|/5800/mah/mah.htm (36 of 67)23.11.09 10:21:49



*Монета на Теодор Ангел Комнен*

**Размисли:**
Кога е основано албанското кнежевство?
Под чија власт се наоѓала Албанија во XIII век?

## Деспотатот Арта



*Теодор Ангел Комнен, фреска*

Истовремено со основањето на албанското кнежевство, основан е и **деспотатот Арта**. Деспотатот во почетокот ги опфаќал областите на јужна Албанија. Деспотатот го создал **Михајил Ангел Комнен** по паѓањето на Константинопол под Латините. Деспотатот постојано ги проширувал своите граници. Во 1210 година стигнал до реката Шкумба, подоцна бил освоен Драч, а на југ се проширил до Коринтскиот Залив. Во 1216 година по смртта на Михаил, завладеал **Теодор Ангел Комнен**. Тој ја освоил целата територија на Албанија. Тој сакал да го обнови Византиското Царство. Теодор Комнен ги освоил цела Тесалија и Македонија, а по заземањето на Солун бил прогласен за цар. Но, во 1230 година, бугарскиот цар Иван II Асен го поразил во Тракија. По овој пораз деспотатот Арта се свел само на областите на јужна Албанија.

**Задача:** Што знаете за деспотатот Арта?

## Албанија и Сицилиското Кралство

Во средината на XIII век зајакнало Сицилиското Кралство. За време на владеењето на кралот Карло I Анжујски се обидело да ја освои Албанија. По разговорите со албанските феудалци во **1272 година** бил постигнат договор за создавање на „Албанско Кралство" под врховна власт на Карло Анжујски. Албанските феудалци тоа го прифатиле, бидејќи тој им ги признал привилегиите што ги имале за време на Византиското Царство. На тој начин, албанските феудалци ја задржале локалната самоуправа.

**Задача:** Кога бил постигнат договор за создавање „Албанско Кралство" под анжујска власт?



# АЛБАНСКИТЕ КНЕЖЕВСТВА ВО XIV ВЕК

## Албанските области под српска власт во времето на Стефан Душан

Користејќи ги честите војни меѓу Анжујците и Византијците, српската држава ги проширила своите граници во Албанија. Во 1308 година Србите ги освоиле албанските области до реката Мат. Со натамошните освојувања, српскиот владетел Стефан Душан ги освоил речиси сите Византиски територии на Балканот. Српскиот цар Душан во 1348 година ја освоил цела Албанија. На управни функции во новоосвоените области, српскиот цар поставил свои блиски луѓе. Албанските феудалци биле незадоволни од српската власт затоа што им била укината поранешната локална самоуправа. Затоа албанските феудалци често пати давале отпор против српската власт.




*Албанија за време на Цар Душан*

**Задача:** Под чија власт потпаднала Албанија во XIV век?

## Помоќни албански семејства

По смртта на српскиот цар Душан Српскито Царство ослабело. Помоќните феудалци почнале да се отцепуваат од државата. Со развојот на економските односи и трговијата, во Албанија зајакнале домашните феудалци. Во средината на XIV век во Албанија постоеле неколку поголеми феудални семејства. Тие под своја власт имале по неколку села и градови. Секој феудалец имал своја војска. Најголеми феудални семејства биле: **Топија**, **Дукаѓини**, **Кастриоти**, **Музаки** и други. Тие живееле во областите на **Круја**, **Скадар**, **Леш**, **Берат** и др. Секое

феудално семејство имало свое знаме и грб. Семејството Топија на грбот имало лав со една круна, Дукаѓините – едноглав орел на бела основа, а Кастриотите – црн двоглав орел.

**Задача:** Наведете ги албанските феудални семејства.

## Поголеми албански кнежевства



*Карло Топија*

По смртта на Стефан Душан се одделиле четири поголеми албански семејства кои создале свои кнежевства.

**Драчкото кнежевство** се создало околу 1356 –1359 година. Центар на кнежевството бил Драч. Кнежевството ја зафаќало областа од Драч до Вјоса. На чело на кнежевството стоел феудалецот **Карло Топија**, кој се нарекувал **„албански принц"**. Неговата власт ја признавале неколку феудалци: **Музаки**, **Матранги**, **Скуреи** и др. Карло Топија ги освоил приморските територии од Родон до реката Семен на југ, а на исток неговите поседи граничеле со териториите на семејството Гропа. Кнезот Карло во документите се нарекувал „господар на целата територија на Албанија". Како резултат на борбите со соседните феудалци, неговото кнежевство се распаднало.

**Скадарското кнежевство** се создало истовремено со драчкото кнежевство и се простирало во северна Албанија. На чело на тоа кнежевство стоело семејството Балша. Од 1360 до 1370 година тоа се проширило на север кон српските области, а на југ до реката Мат. Кнежевството имало своја војска. Како резултат на големите даноци кои им ги наметнувал на потчинетите Балшиќевците многу се збогатиле. Борбата со Драчкото кнежевство и поразот во битката кај Саура го ослабела кнежевството.

**Музачкото кнежевство** ги опфаќало областите во **Берат**, **Музеќе**, **Корча**, **Девол**, **Томорица** и **Малакастра**. Најпознати владетели биле **Андреја** (1330–1370) и **Теодор II Музаки** (1371–1389).

Во четириесеттите години на XIV век постоеле и две други феудални кнежевства: Зенебишта кај Ѓирокастро и Деспотатот на Арта. Зенебишкото феудално кнежевство се простирало од котлината околу Дрим до реката Каламас. Пјетер Љоша бил господар на областите меѓу Парга и Арта. Ѓин Буа Шпата владеел со Етолија и Арандуи до Коринтскиот Залив.

**Задача:** Опишете ги границите на поголемите кнежевства.



# ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА

## Создавање на османлиската држава



*Султанот Осман (1281-1323)*

Турците – Селџуци биле скитачко племе. Живееле по текот на реката **Сир Дарја** во денешен Туркменистан. Под притисок на Монголите, во XII век, го освоиле источниот дел на Мала Азија, околу Црно Море. Војувале со Византија и со Арапите. Државата им била организирана во **бејлуци – беглуци** или **емири**. Најмоќен бил бејлукот на чело со **Осман**. Тој ги обединил помалите емири во една држава. Во времето на Осман, државата се проширила, станала силна и почитувана. Според неговото име, државата била наречена **османлиска,** а поданиците **османлии**.

Во средината на XIV век Османлискиот Султанат станал најмоќна држава во Мала Азија. Тогаш Османлиите ги почнале освојувањата на Балканскиот Полуостров. Во 1453 година султанот **Мехмед II** го освоил Константинопол – Цариград и го преименувал во Истанбул.

## Државно уредување



*Султанот Мехмед II (1451-1481)*

На чело на Османлиската држава стоел **султанот**. Тој бил неограничен господар на земјата и на поданиците. Султанот бил и верски поглавар. Власта на султанот била наследна. Прв помошник на султанот бил **големиот везир**. Тој раководел со државниот совет кој се викал **диван**. Во работата на диванот учествувале највисоките државни службеници.

За подобро да управува, султанот државата ја поделил на повеќе поголеми области кои се нарекувале **санџаци**. Со санџаците управувале **санџак-бегови**. Помалите управни единици се нарекувале **вилаети**, **нахии** и **кази**. Султанот својата моќ ја засновал врз поддршката на **војската**. Тој имал морнарица,



*Султанот заседава со царскиот совет*



*Спахија*

пешадија и коњица. Посебен род војска, кој бил најдобро обучен, биле **јаничарите**. Тие биле лична гарда на султанот и ударна сила во војската.

Уште за време на создавањето на државата, **исламот** станал **државна религија**. Во османлиската држава големо внимание се посветувало на верското воспитување. Жителите биле поучувани на „**света војна**". Со ваквото воспитување, османлиската држава го постигнала зајакнувањето на државата и проширувањето на границите.

**Задача:**
Состави пирамида на државното уредување во османлиската држава.

### Општествени односи

Османлиите се занимавале со сточарство и земјоделство. Најбогатиот слој во државата биле **спахиите**. Тие од султанот добивале земја (големи феудални поседи) под услов да извршуваат воена обврска. На повик на султанот, биле обрзани да учествуваат во војна. Имотот на спахијата бил наследен, под услов неговиот син да извршува воена обврска.

Според големината на приходите, спахиските имоти се делеле на: **тимари**, **зијамети** и **хасови**. Најголеми имоти биле хасовите. Нив ги добивале везирите и високите државни службеници. Таквиот систем во државата се нарекувал **тимарско - спахиски систем.** Имотите на спахиите ги обработувало феудално зависно население – **раја**. Во рајата влегувале сите жители на освоените територии – немуслимани. Рајата била обврзана на државата да ѝ плаќа данок и да извршува работни обврски.

**Задача:**
Опишете ги основните карактеристики на тимаро–спахискиот систем.



# ПОТПАЃАЊЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ



### Причини за слабеење на балканските земји

Во XIV век во Византија и балканските држави имало знаци на слабеење. Византија ја ослабеле честите војни со балканските држави и внатрешните династички борби. Во балканските држави крупните феудалци се бореле за отцепување од централната власт. Наместо да се обединат против заедничкиот непријател – Османлиите, тие постојано војувале меѓу себе. Поради тоа не можеле поорганизирано да се противстават на османлиските навлегувања.

**Задача:** Објаснете ги причините за слабеењето на балканските држави.




*Османлиските навлегувања на Балканскиот Полуостров*

## Потпаѓање на Бугарија, Србија и Албанија под османска власт

Ослабената бугарска држава била поделена на два дела: **Трновско** и **Видинско Царство**. Тие биле изложени на постојани напади од Османлиите. Откако Османлиите освоиле повеќе градови, царот Иван Шишман бил принуден да ја признае османлиската врховна власт. Во 1393 година, Османлиите ја освоиле престолнината **Трново**. Така, Бугарија влегла во составот на османлиската држава.

Во 1389 година султанот Мурат I со голема војска се упатил кон Србија. Решавачката битка се водела пролетта, на Косово Поле. Српските војски ги предводел кнезот Лазар, кој добил помош и од босанскиот владетел. Во таа битка загинале и двајцата владетели. Кнезот Лазар го наследил неговиот син Стефан, кој станал османлиски вазал. По смртта на султанот Бајазит I, во османлиската држава почнал периодот на нестабилност. Тогаш кнезот Стефан од византискиот цар добил титула деспот. Србија станала деспотство со престолнина во Смедерево. Српското деспотство било изложено на постојани напади од Османлиите. Со освојувањето на Смедерево во **1459 година**, Србија целосно потпаднала под османлиска власт.



*Кнез Лазар и кнегиња Милица*

***За љубопитните:***
Во текот на битката на Косово Поле, српскиот војсководец Милош Обилиќ, под изговор дека се предава влегол во шаторот на султанот Мурат и го убил со својот меч.

**Задача:** Опишете го османлиското освојување на Србија.

Османлиското освојување на Албанија почнало при крајот на XIV век. Нејзината територија била поделена меѓу феудалните семејства: Топија, Балшиќи, Кастриоти и др. Нивните меѓусебни борби го олесниле османлиското навлегување. Некои феудални владетели, за да ги зачуваат своите привилегии и имоти, доброволно ја признале османлиската власт. Тие владееле како вазални владетели сè до XV век, кога Албанија била ставена под директна османлиска власт.

**Размислете:** Зошто Османлиите лесно ја освоиле Албанија?



# ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ДО XIV ВЕК

## Образование и книжевност

Во средниот век во Албанија, како и во другите соседни земји, жителите на градовите и селата најчесто не знаеле да читаат и пишуваат. Просветени луѓе главно имало меѓу свештениците. Места за образование биле црквите и манастирите. Такви училишта имало во **Драч**, **Берат**, **Свети Никола** во Месопотаме кај Саранда. Тие училишта главно биле свештенички. Нив често ги посетувале и луѓе од народот. По завршувањето на тие училишта, некои ученици го продолжувале образованието во други земји. Посебна традиција во областа на образованието се развила во градот Дришти кај Скадар. Таму имало многу просветени свештеници. Некои од нив се иселувале во далматинските градови каде служеле како свештеници или учители. Со учителската, секретарската и писарската дејност се занимавале свештениците. Препишувањето на ракописите го вршеле специјализирани луѓе во манастирите. Повеќето од тие ракописи имале црковна содржина. Освен дела со христијанска содржина, биле пишувани и дела со световен карактер. Еден таков автор бил **Ѓон Музакиј**. Во средниот век, голем број албански свештеници станале познати како краснописци на ракописи или образовани и културни луѓе. Таков бил свештеникот **Никола Дурсаку** од Драч. Тој го знаел добро латинскиот и грчкиот јазик. Затоа во 1250 година бил повикан во Рим, како секретар на папата Инокентиј IV. Тој напишал неколку теолошки дела.



*Тврдината Петрела кај Скадар*

Во тоа време текстовите со црковна содржина и световните писма се пишувале на словенски, латински и грчки јазик. Канцелариите на албанските феудалци го користела словенскиот јазик. На монетите албанските феудалци се потпишувале на **словенски јазик**. До XIV век нема пишани документи на албански јазик.

***За љубопитните:***
Во 1332 година епископот Франческан од Тивар, Гулием Адами пишува: „Албанците, иако имале свој посебен јазик, кој многу се разликувал од латинскиот, во секојдневниот живот и во сите свои книги го употребуваат латинскиот јазик". Првиот пишан документ на албански јазик е **„Формула е пагезимит"** (формула за крштевање), напишана од епископот Пал Енѓели, во 1462 година.



uulgari Albanico. Vnte'paghesont premenit Atin
et birit et spertit senie. Et q. si quis hoc modo bap
tizatus fuerit Iterum non rebaptizetur sed supple
antur orationes et qd' dimissum est. Verum si
dubitaretur. An uerba illa prolata fuerint

*Прв пишан документ на албански јазик*

**Истражувајте:** Каква била улогата на свештениците во развојот на образованието и книжевноста?

## Архитектура, скулптура и сликарство

Во Албанија се зачувани многу архитектонски споменици создадени во средниот век. Тие им припаѓаат на световната и црковната архитектура. Од световната архитектура зачувани се главно тврдините. Важни се тврдините од средниот век во **Скадар**, **Леш**, **Берат**, **Петрела** и др.

Во средниот век скулптурата имала ограничен развој, што произлегувало од самата природа на дејноста, како декоративен елемент на архитектурата. Таа се применувала на црковните фасади, пред вратите и прозорците, на спомениците и др. Во средниот век доста се развило ѕидното сликарство, а како најдобри се фреските на Шелбиумската црква кај Рубик, од манастирот Св. Марија во Појане, од црквата Св. Тринида и Св. Марија во Берат. Друг уметнички вид било сликањето икони. Тие се сликале непосредно на дрво, или на платно. Тие се карактеристични по употребата на многу бои. Често за сликање икони се употребувало и леано злато.

**Задача:** Кои видови уметности биле развиени во Албанија?



# ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК (СРБИЈА И БУГАРИЈА)

По населувањето на Јужните Словени на Балканот во првата половина на VII век, во овие простори под влијание на античката и особено византиската култура, почнала да се создава посебна култура на балканските народи.

## Бугарската култура

Откако го примила христијанството и словенската култура, во Бугарија почнал период на брз културен развој. За брз развој на бугарската култура придонело создавањето на **Преславската книжевна школа**, на која словенското кирилско писмо станало доминантно. Во тој период во бугарската престолнина Преслав творел познатиот писател Јован Егзарх, кој заедно со другите книжевни творци придонеле во Бугарија да се развива словенската култура.

Со повремени застои продолжил развојот на бугарската култура и за време на византиското владеење (од почеток на XI до крајот на XII век). Во тој период во Бугарија се создале неколку книжевни центри, како што се **Рилскиот**, **Бачковскиот** и др. Во тие центри биле пишувани и преведувани многу книги на словенски јазик.



*Цар Иван Александар и царица Теодора со синовите, минијатура од XIV век*

По основањето на Второто Бугарско Царство при крајот на XII век бугарската култура доживува голем напредок. Биле изградени или обновени многу градови и тврдини, дворци, манастири, цркви и други објекти.

Во периодот меѓу XIII и XVI век во Бугарија плодна дејност развила **Трновската книжевна школа**. За развојот на бугарската култура голем придонес има Зографскиот манастир на Света Гора. Во тој период најпознат е бугарскиот писател монахот Ефтимиј, кој оставил повеќе напишани биографии и други книжевни дела. По него се појавиле и други книжевни творци како Григориј Цамблак.



**Задача:**
Кога почнала да се развива бугарската култура и кои се основните карактеристики?

*Зографски манастир, Света Гора*

## Српската култура

По создавањето на српската држава во IX век и проширувањето на словенската писменост, дошло до застој во развојот на српската култура. Глаголската азбука создадена од св. Кирил и св. Методиј, и во Србија била заменета со кирилското писмо. Со него е напишано познатото **Мирославлево Евангелие**. Посебно значење има летописот на **поп Дукљанин** (познат под името **Барски Родослов**). Тој е напишан на латински јазик, а подоцна бил преведен на словенски јазик. Во ова дело има важни податоци за македонската средновековна историја. По примањето на христијанството во Србија и Дукља почнала брзо да се развива црковната архитектура, фреско–сликарството, иконописот, вајарството и др. Биле изградени многу раскошни цркви и манастири. Со особена ликовна вредност се издвојува фреско–живописот во приморските цркви во Дукља – Котор, Улцин, Тиват и др. Посебно се истакнуваат фреските од црквата Свети Михаил во Стон.



При крајот на XII и почетокот на XIII век културата зема голем замав. Во овој период се истакнува **Рашката сликарска школа**, чие најпознато дело е црквата Света Марија во Студеница. Во XIV век била изградена големата црква во Грачаница, близу до Приштина.

*Црква Св. Марија, Студеница*





*Манастирот Грачаница*



*Крал Милутин (1282-1321), фреска - Грачаница*

Од XII до крајот на XIV век во Србија биле основана повеќе книжевни центри. Меѓу нив најпознати биле книжевните центри во манастирите **Студеница**, **Милешево**, **Грачаница**, **Дечани**, како и манастирот **Хилендар** на Света Гора. Во тој период се напишани и многу вредни книжевни дела. Развиено било пишувањето биографии. Архиепископот Свети Сава – Немањиќ, ја напишал биографијата за Свети Симеон – Стефан Немања. Стефан Првовенчани напишал биографија за својот татко Стефан Немања. Во XIII век е познат писателот Дометијан, тој ја напишал биографијата за Свети Сава и други личности.

**Задача:**
Наведете ги најпознатите манастири и книжевни центри во Србија.



*Мирославлево Евангелие*

# 6 МАКЕДОНИЈА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК



## САМОСТОЈНИ ВЛАДЕТЕЛИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIII ВЕК

### Македонското кнежевство на Добромир Хрс (Хриз)

При крајот на XII век Византија била зафатена со борби со Норманите, Бугарите, Србите и со поминувањето на крстоносците. Крупните феудалци почнале да се отцепуваат. Во есента **1185** година во Македонија, феудалниот господар – кнезот **Добромир Хрс,** ја отфрлил византиската власт. Во почетокот неговото седиште се наоѓало во **Струмица**. Тој бил многу богат, имал стада овци, говеда, пасишта и обработлива земја, во околината на Струмица. По осамостојувањето, нему му се придружиле неколку покрупни и поситни феудалци. Добромир Хрс имал своја војска. Таа се состоела од 500 војници, кои биле секогаш подготвени да го бранат кнежевството. По осамостојувањето, ја освоил запуштената тврдина Просек, (кај Демир Капија). Откако ги поправил ѕидините, седиштето на кнежевството го пренел во **Просек**. Византискиот цар Алексиј III Ангел (1195–1203) со голема војска тргнал против него. Храбриот Хрс, извојувал голема победа над Византијците. Византискиот цар, за да го придобие почнал преговори. Тој на Хрс му ја дал за жена **византиската принцеза** – ќерката на Мануил Камица. Набргу потоа, заедно со дедо му Камица, Хрс повторно ја отфрлил византиската власт и ги ослободил градовите **Прилеп** и **Битола**. Византискиот цар, повторно почнал преговори. Според новиот договор, царот, на Добромир Хрс му ја дал за жена својата внука **Теодора**. За возврат Хрс се повлекол од Прилеп и Битола, а продолжил да владее во Просек и Струмица. На почетокот на XIII век, кнежевството на Хрс паднало под византиска власт.



*Тврдината Просек*

**Задача:** Кога се осамостоил кнезот Добромир Хрс и со кои области владеел?



*Стрез, фреска од манастирот Хиландар*

## Македонското кнежевство на Стрез

По пағањето на кнежевството на Добромир Хрс, на почетокот на XIII век, во Македонија, со центар во **Просек** се осамостоил **Стрез**. Во почетокот, тој имал поддршка од српскиот голем жупан Стефан, но брзо се осамостоил. Од Просек, Стрез своето кнежевство успеал да го прошири по средниот и горниот тек на реката Вардар. Војувал со Србите, Бугарите, со Епирскиот Деспотат и со Солунското Кралство. Кон соседите секогаш водел променлива политика, заштитувајќи го својот интерес. Често склучувал сојуз со една против друга држава. Во 1214 година кнезот Стрез тргнал во поход против Србија. За време на преговорите на подмолен начин бил убиен од Србите. На врвот на својата моќ, Кнежевството на Стрез се простирало од **Полошката област** и **Скопје,** на север, **до** градот **Верија,** на југ, од **Охрид,** на запад до средниот тек на реката **Струма,** на исток.

**Задача:**
Каде се наоѓала престолнината на кнезот Стрез и со кои области владеел?



*Тврдината Мелник, седиштето на Алексиј Слав*

## Кнежевството на Алексиј Слав

Во почетокот на XIII век во Источна Македонија, по средниот тек на реката Струма, македонскиот благородник **Алексиј Слав** создал самостојно независно кнежевство. Центарот на неговото кнежевство се наоѓал во градот **Мелник**. Тој најмногу војувал со Бугарите. За да се одбрани од нив, направил сојуз со Латинското Царство и **се оженил со ќерката на латинскиот цар**. Водел променлива политика. По смртта на латинскиот цар, се здружил со епирскиот владетел Теодор I. Во 1230 година, Алексиј Слав, ја признал власта на бугарскиот цар. Со Струмската област продолжил да владеел сè до својата смрт.



**Задача:** Што можете да кажете за кнежевството на Алексиј Слав?




*Граници на македонските кнежевства во XII и XIII век*



*Сребрена украсна лента - пречелница, гробен наод од локалитетот Крстеви кај Просек*

# САМОСТОЈНИ ФЕУДАЛНИ ДРЖАВИ ВО XIV ВЕК

По смртта на српскиот цар Душан, Српското Царство се распаднало. Големите феудалци не ја признавале власта на царот и создале свои господства. Во Македонија, во втората половина на XIV век, се создале три самостојни држави: **Серска држава**, **Прилепско Кралство** и **државата на Јован и Константин Драгаш**.

## Серска држава

Околу 1365 година, деспотот **Јован Углеша** во **југоисточна Македонија** основал **независна држава** со центар во градот **Сер**. Тој деспотското достоинство, го добил од Византија, која сакала деспотот **Јован Углеша** да го придобие како сојузник во борбата против Османлиите. Во составот на Серската држава, освен Сер со околината, влегле градовите Струмица, Драма, Кавала и полуостровот Халкидики со Света Гора. Серската држава, на исток се простирала до реката Места и се граничела со Османлискиот Султанат, а на запад до реката Вардар и со териториите на Волкашин. Државата на деспотот Јован Углеша ја имала поддршката од Охридската архиепископија. Како богат деспот, тој на манастирите од Света Гора им давал имоти. Неговата држава често била опустошувана од Османлиите. За да ја отстрани османлиската опасност, Јован Углеша го повикал својот брат кралот Волкашин да му помогне. Во битката на реката **Марица** во 1371 година, Јован Углеша загинал. Бидејќи немал наследник, Серската држава ја наследил неговиот внук, кралот Марко.



*Деспот Јован Углеша*

**Размислете:**
Што можете да кажете за Серската држава.

## Прилепско Кралство

За време на владеењето на српскиот крал и цар Душан, Волкашин извршувал високи должности на владетелскиот двор. Неговите имоти се простирале јужно од Скопје, сѐ до Прилеп. По смртта на Душан, Волкашин станал најугледна личност на дворот на царот Урош. Во **1365 година**, Волкашин бил крунисан за **крал**. Со тоа станал престолонаследник на царот Урош. По четири години, по **Битката на Косово Поле** кога ја победил здружената војска на српските кнезови и жупани, Волкашин **почнал да владее самостојно**. Неговите територии се прошириле кон Призрен, Приштина и Ново Брдо. Според името на престолнината на државата, која се наоѓала во **Прилеп**, таа е позната како **Прилепско Кралство**. Во време на најголемата моќ, тоа се простирало на север до **Призрен** и **Приштина**, на југ до **Преспа** и **Охрид**, на запад до **Дебар** и **Кичево,** а на исток, источно од реката **Вардар**. Во 1371 година на повик од неговиот брат Јован Углеша, Волкашин заминал да му помогне во борбата против Османлиите. Во битката на реката Марица, Волкашин загинал. По неговата смрт, престолот на Прилепското Кралство го наследил неговиот син кралот Марко. Кралот **Волкашин**, како независен владетел, **ковал** свои **пари**. Имал своја дворска **канцеларија**, издавал повелби до странски држави, а најмногу тргувал со Дубровник. Градел и обновувал манастири и цркви.





*Кралот Волкашин, фреска од црквата Св. Никола во Псача*

**Задача:** Опишете го издигнувањето на Прилепското Кралство.





Сребрени монети - динари на Волкашин со натпис „Во Христа бога благоверен крал Волкашин"



Дел од украсен лустер (хорос) од Марков манастир, с. Сушица - Скопско, со натпис „Во Христа бога благоверен крал Волкашин"



Деспот Јован Оливер, фреска од Лесновскиот манастир

## Државата на Јован и Константин Драгаш

По долината на реката Брегалница деспотот Јован Оливер имал имоти. Од злетовските рудници за злато и сребро, стекнал големо богатство. Областа ја наследиле браќата Јован и Константин Драгаш. Тие ја признавале власта на кралот Волкашин. По неговата смрт, се осамостоиле во **северо-источна Македонија.** Престолнина на нивната држава бил градот **Велбужд** (Ќустендил) и таа се протегала меѓу реките **Вардар** и **Струма**, со градовите **Мелник** и **Струмица,** на југ, а на север до **Прешево** и **Врање**. Кога постариот брат Јован починал, со државата управувал помалиот брат Константин. За да ја зачува власта, станал вазал на Османлиите.

**Задача:**
Кои области ги зафаќала државата на Јован и Константин Драгаш?



# ПОТПАЃАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ

## Владеењето на кралот Марко

Во втората половина на XIV век, Османлиите ги засилиле нападите во источните области на Серската држава. Јован Углеша на помош го повикал својот брат Волкашин. Здружената шеесетилјадна војска, на чело со браќата, во септември 1371 година стигнала на реката Марица. Ноќта меѓу 25 и 26 септември, османлиската војска ненадејно ја нападнала војската на браќата. Во крвавата битка, која е позната како **Битка на Марица**, кралот Волкашин и Јован Углеша храбро загинале.

По поразот на Марица и смртта на кралот Волкашин престолот на Прилепското Кралство го наследил кралот **Марко**. Тој се обидел да се договори со соседните христијански владетели за заедничка борба против Османлиите, но во тоа не успеал. За да го заштити македонскиот народ, преговарал со Османлиите и им правел отстапки.

Во 1385 година кралот Марко бил принуден да стапи во вазален однос со Османлиите. Со вазалството, принуден бил да им плаќа данок на Османлиите, и со своја војска да го придружува султанот во војните. Во истото време, во вазален однос стапил и Константин Драгаш.

**Задача:**
Што направил кралот Марко за да ја заштити својата држава?



Сребрен динар на кралот Марко, со натпис „Благоверни крал Марко"



Кралот Марко, фреска од Марков манастир с. Сушица, Скопско



*Маркови Кули - Прилеп, престолнината на кралот Марко*

## Потпаѓање на Македонија под османлиска власт

И покрај вазалниот однос на кралот Марко, Османлиите продолжиле да ги напаѓаат македонските градови. Најнапред бил освоен Прилеп, потоа Битола и Кратово, а во **1392 година** и Скопје. Кралот Марко и деспотот Константин Драгаш, како вазали го придружувале султанот во војната со влашкиот војвода Мирче. Во Битката кај **Ровине** во **1395 година** тие загинале.

***За љубопитните:***
Еден современик за тие настани запишал дека пред да загине, кралот Марко рекол: „Јас велам и го молам Бога, на христијаните да им помогне, а јас нека бидам прв меѓу мртвите во оваа битка".

Кралот Марко ковал сребрени монети. Како добар христијански владетел градел цркви, ги обновувал запуштените и им дарувал големи имоти. По смртта на кралот Марко и деспотот Константин Драгаш, Македонија подпаднала под османлиска власт. Градот Солун, кој бил во составот на Византиската Империја, неколкупати бил освојуван, а во **1430 година** конечно бил освоен од Османлиите. Грижата на кралот Марко за да го заштити македонскиот народ и да ја зачува државата била голема. Како одговорен и храбар владетел станал вазал со цел да го заштити народот од османлиските грабежи и насилства. Како последен македонски крал, народот го воспеал во многу песни.

**Задача:** Прочитајте некоја епска песна за кралот Марко и поразговарајте за тоа на следниот час.



# ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК

## Книжевност

Со создавањето на словенската азбука на св. Кирил и Св. Методиј, почнала да се развива и книжевноста. Тие преведувале црковни книги од грчки на словенски јазик. Св. Кирил пишувал и свои дела. Најважно негово дело е „Беседата против тријазичниците". Св. Климент и св. Наум Охридски преведувале книги од грчки на словенски јазик, а пишувале и свои дела. Нивните дела биле: **молитви**, **песни**, **пофални слова**, **житија** и др. Тие пишувале на **глаголица** и **кирилица**. Во културното наследство, спаѓаат и натписите на камен: како Самоиловиот надгробен натпис од 993 година, Варошкиот натпис, Битолскиот натпис на царот Јован Владислав и др.

Од XI до XIV век, манастирите станале жаришта на книжевноста и литературата. Книжевни творци биле монасите, а се пишувало на кирилица. Во повеќе области во Македонија постоеле книжевни центри, како **Охридски**, **Дебарски**, **Кратовски** книжевен центар и др. Најмногу се пишувале житија, други црковни дела и натписи. Во книжевните центри се развивала македонската варијанта на црковнословенскиот јазик, од која подоцна се развил **современиот македонски јазик**. Во XIV век развиен бил **Скопскиот книжевен центар** во Марковиот манастир. Освен дела со црковна содржина, се пишувале историски дела, а се препишувале и романи. Монахот **Исаија Серски** во преводот на едно дело од грчки на словенски јазик, напишал „Расказ за навлегувањето на Османлиите". Особено популарен бил словенскиот превод на романот за Александар Македонски **„Александрида"**.



*Добрешево евангелие XIII век, минијатура на евангелистот Марко*

**Задача:** Наведете какви книжевни дела се создавале во Македонија од IX до XIVвек.

## Архитектура

Најзначајни градби во Македонија биле ѕидините на градовите и на поголемите населби. Тие се граделе на непристапни места, биле заштитени со ѕидови со кули – **стражарници** и имале повеќе порти направени од железо и дрво. Куќите на богатите луѓе се граделе од камен и биле поголеми, а куќите на обичните жители биле помали, или биле дрвени колиби. Најмногу внимание се посветувало на градењето на храмови: **цркви** и **манастири**. Нив ги граделе архитекти, по нарачка на владетелите или побогатите феудалци. Црквите се граделе од делкан камен, со широки ѕидови.

**Размислете:** Какви градби се граделе во средниот век во Македонија.



*Скопското Кале*



*Св. Јован Канео - Охрид*

## Уметност

Црквите и манастирите биле украсувани со **фрески** и **икони**. Сликарите се школувале во познати сликарски центри, како: во **Цариград**, **Солун** и во **Охрид**. Во XIV век, особено зајакнал **Охридскиот сликарски центар**. Во манастирите се сликале фрески и икони со црковна содржина, сцени од животот на Исус Христос и др. Било вообичаено, нарачателите на црквите и на фреските, да бидат насликани во црквите. Црквите биле украсувани со резби од камен и од дрво. Освен црквите, биле украсувани домовите на најбогатите луѓе, облеката, оружјето, садовите во покуќнината и др.





*Пехар - XII век, Кале, Скопје*



*Златни наушници, XIV век*



*Глеѓосани чинии, Кале, Скопје*

Во средновековна Македонија била развиена и музичката култура. Св. Климент Охридски прв ја развил музичката дејност. Тој создал посебна **македонска нотација**. Во црквите свештениците секојдневно проповедале преку црковното пеење. Во Охрид како седиште на Архиепископијата постоел и црковен хор. Најпознат македонски музички творец бил **Јован Кукузел** по потекло од дебарското село Церминци.



*Музички инструменти на фреска од Лесновскиот манастир*



*Ангел, Курбиново, 1191 година*



file:///E|/5800/mah/mah.htm (48 of 67)23.11.09 10:21:49

# ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО СРЕДНИОТ ВЕК

## Потекло и територија

За потеклото на Власите се знае малку. Според едни автори, Власите се **староседелско претсловенско население**, а според други тие се доселиле од Дакија (денешна Романија) по нејзиното освојување од Римјаните. Пред доаѓањето на Словените, Власите во поголеми или помали групи, живееле во **Македонија**, **Албанија**, **Грција** и **Бугарија**. Нивниот јазик спаѓа во групата латино–романски јазици. Како посебна етничка група, имаат свој јазик и фолклор. На својот јазик себе си се нарекуваат **Арм`њ**. Поради посебниот начин на живеење – номадско одгледување овци, Власите не се задржале во одредена област и не создале посебна материјална култура.

## Историја и начин на живеење

Под сегашното име Власите првпат се споменуваат во **VIII век**. Во едно **Житие на светогорските манастири** за покрстувањето на Словените, се кажува дека биле покрстени **„Ринхини, Влахоринхини и Сагудати"**. Од ова се гледа дека Власите живееле заедно со словенските племиња, кои почнале да го примаат христијан–ството. Споменувањето како Влахоринхини, заедно со словенското племе Ринхини, покажува дека тие почнале да се мешаат со Словените во Македонија.

**Задача:** Кога првпат се спомнуваат Власите во Македонија?

Неколку византиски писатели за Власите велат дека биле **„номади"** – народ кој скита и нема постојано место на живеење. Власите со семејствата, од април до септември, живееле во високите планински области, каде ги напасувале стадата, а со почетокот на есента, стадата ги noселе во потоплите јужни краишта. Таму со семејствата презимувале. Покуќнината им се состоела од шатори, облека и најнеопходни дрвени и метални садови. Во летните месеци на планините богати со пасишта поставувале населби од шатори, наречени **мандри**.



*Мандра*



Во мандрите го преработувале млекото во сирење и други млечни производи. Се одликувале со работливост штедливост и вештина во сточарството и преработката на добиточните производи.

**Задача:**
Опишете го начинот на живеење на Власите во Македонија.



*Бутин, направа за преработка на млеко*



*Власи на починка*

Власите, се занимавале со земјоделство, биле истакнати управници, трговци, војсководци и политичари. Од 983 до 986 година македонскиот владетел Самоил, неколку години ја опседнувал Лариса. Управникот на градот, Влавот Кекавмен, напролет го молел Самоил да им дозволи на граѓаните да го посеат житото, а налето да го ожнеат. Така му правел неколку години. Откако византискиот цар го сменил Кекавмен од функцијата, Самоил го освоил градот, а управникот стапил во служба на Самоил.

Во 1066 година Власите и Словените во Тесалија, поради даноците кои им ги наложил византискиот цар, се дигнале на востание. Византискиот цар со тешка мака ги убедил да се смират. Тоа го постигнал откако ги прифатил нивните барања.

Во средниот век во Македонија, Власите се споменуваат во областите меѓу Костур и Преспа во Тесалија, меѓу Солун и Сер, околу Струмица, а во помали групи и на други места во Македонија.

# 7 БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК




## КОЛОНИЗАЦИЈА И ИСЛАМИЗАЦИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

### Колонизација

По османлиското освојување на балканските земји, почнала нивната колонизација. Османлиите преку колонизацијата настојувале да ја зацврстат својата власт. За таа цел се вршело населување на муслиманско население. Тоа било населувано главно на напуштените места или одземените имоти, во градовите и поголемите селски населби. Најважен фактор на османлиската колонизација биле турските сточари – **Јуруци**. Тие биле населувани од Мала Азија на напуштените делови на освоените територии. Како резултат на тоа биле создадени повеќе **јуручки населби**.



*Исламски објекти во Битола, џамија и безистен*

Освен Турци, биле колонизирани и значителен број Евреи, Роми и др. Евреите имале голема заслуга за заживувањето на градското стопанство (занаетчиство, трговија).

Како резултат на колонизацијата на муслиманското население, голем број балкански градови добиле ориентален изглед. Во нив биле градени **џамии**, **амами** (бањи), **анови** и др. На многу градови им биле сменети словенските имиња и добиле османлиски имиња. Така, Скопје бил преименуван во Искип, Битола во Монастир и др.

**Објаснете:**
Зошто Османлиите вршеле колонизација во Македонија?



*Шарената џамија во Тетово*



file:///E|/5800/mah/mah.htm (50 of 67)23.11.09 10:21:49

## Исламизација

Процесот на исламизација почнал со османлиските освојувања на балканските земји. Во почетокот исламизацијата главно била спроведувана доброволно. Крупните феудалци, со цел да си ги зачуваат своите привилегии и имоти, доброволно го прифаќале исламот. Исламот го прифатиле и дел од најсиромашните слоеви на населението, со цел да се ослободат од многу даноци што ги плаќале христијаните. Голем дел од исламизираните христијани го зачувале својот јазик, обичаите и др. Некои, пак, станале високи турски државни функционери. Таков е случајот со **Мехмед-паша Соколовиќ**, кој станал голем везир.

**Размислете:** Кои биле причините дел од Македонците да го прифатат исламот?



*Радост на муслиманите за исламизиран христијанин XVII век - гравура*

Османлиската власт спроведувала и насилна исламизација. Данокот во крв предвидувал одземање здрави христијански машки деца, кои, по исламизирањето и посебното воспитување, станувале јаничари. Многу девојки биле присилно носени во сараите на беговите, каде биле исламизирани.

Исламизацијата била најмасовна во **Босна**, **Албанија,** а доста била раширена и во **Западна Македонија**, **Бугарија** и другите балкански земји. Исламизираното население е познато како **бошњаци, торбеши** и **помаци**.

**Задача:** Наставникот да им објасни на учениците примери за присилна исламизација од македонската народна традиција.



# ОТПОРИ ПРОТИВ ОСМАНЛИСКАТА ВЛАСТ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

## Причини за појавата на отпор

Од втората половина на XVI век Османлиската Империја почнала да трпи воени порази. Со слабеењето на Империјата која порано од освоените земји земале големи богатства, сега била принудена да ги зголемува даноците со што обврските на населението се зголемиле. Собирањето на даноците било придружено со злоупотреби од собирачите на даноците. Поради тоа се засилил отпорот на потчинетото население.

**Размислете:** Кои се причините за појавата на отпор против Османлиите?

## Видови отпор

Постоеле два вида на отпор против османлиската власт: **неоружен и оружен отпор**. Неоружениот отпор се изразувал преку неплаќање на даноците и одбивање на исламизацијата. Најсилен отпор селаните давале против данокот во крв. Родителите ги криеле своите деца, за да ги заштитат, тие ги женеле на 8–9 години, ги сакателе, им впишувале крст на челото и др. Македонците кои се противеле да ја прифатат исламската вера, биле убивани. Таков е случајот со **Злата Мегленска** и **Ѓорѓи Кратовски.** Тие како христијански маченици од црквата биле прогласени за светци.



*Св. Злата Мегленска*



*Св. Ѓорѓи Кратовски*



Ајдутин

Најстар и најраширен вид на оружен отпор било **ајдутството**. **Ајдутите** биле организирани во дружини, составени од 20–30 луѓе. На чело на секоја дружина стоеле **арамбаши** или **војводи**. Дружините се собирале околу **Ѓурѓовден** (на пролет), а се растурале околу **Митровден** (наесен). Преку зимата биле засолнети кај нивните заштитници – **јатаци**. Тие собирале храна, оружје, облека за ајдутите, ги криеле болните и ранетите. Ајдутите најчесто ги напаѓале феудалните имоти, спахиите, собирачите на даноци, турските карвани и др. Ајдутството е опеано во многу македонски народни песни.

**Задача:** Потрудете се да најдете некоја ајдучка песна и направете анализа.

***За љубопитните:***
Освен мажи во редовите на ајдутите имало и жени. Тие се опеани во македонските народни песни. Најпозната била Сирма– војвода. За нејзиниот живот како ајдутка се знае според нејзиното раскажување на Димитар Миладинов. Сирма тогаш била старица од 80 години и му раскажувала дека многу години додека била војвода ајдутите од нејзината дружина не знаеле дека е жена. Многу легенди се раскажувале и за **Румена - војвода**.



*Румена - војвода*

Повисок вид на оружен отпор биле **буните**. Тие најрано се појавиле во планинските и тешко пристапни области. Прва буна во Македонија била Мариовско–прилепската (1564–1565). Поради тешките даноци и самоволието на османлиските власти, околу 1000 селани од мариовско – прилепскиот крај, вооружени со стапови, секири и вили, го нападнале судот во **Прилеп**. Бунтот не бил доволно организиран и брзо бил задушен.

Во XVII век буните станале сè почести, а ајдутските дружини се побројни. Оваа појава ги навестила востанијата како повисок вид на отпор.

**Објаснете:** Какво значење има Мариовско – прилепската буна.



# АЛБАНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XV ВЕК

## Османлиските навлегувања и освојувањето на Албанија

Во средината на XIV век Османлиите почнале да го освојуваат Балканскиот Полуостров. Тие се насочиле и кон Албанија, која во тоа време била разделена на мали кнежевства. Албанските феудалци биле **неединствени** и не можеле да организираат заеднички отпор против Османлиите. Во 1389 година на Косово Поле здружената војска на балканските феудалци била поразена од Османлиите. Венецијанската Република, користејќи ја ваквата состојба, при крајот на XIV век ги освоила албанските градови **Скадар**, **Дришти**, **Данија** и **Драч**. Во почетокот на XV век поголемиот дел од албанските територии како Круја, Берат и Валона потпаднале под османлиска власт. За време на освојувањата во Албанија Османлиите грабеле, палеле и пустошеле. Освоените територии султанот им ги поделил на османлиските и на домашните феудалци кои соработувале со него. Тие, биле принудени да ги праќаат своите деца како војници во војните кои ги водел султанот.



*Тврдината Берат*

**Задача:**
Кога Османлиите ја освоиле Албанија.




*Валона, гравура XVI век*

## Албанскиот отпор во првата половина на XV век

Со освојувањето на албанските територии од Османлиите животот станал уште потежок. Албанците плаќале двојни даноци, на домашните феудалци и на тие кои ги поставиле Османлиите. За да се спасат од тешките даноци, Албанците биле принудени да бегаат во непристапните планински области. Отпорот против османлиското освојување го почнал **Ѓон Кастриот** (Иван Кастриот). Тој бил господар на областите од реката Мат до Драч. Нему му се придружиле и други феудалци. Султанот испратил војска под водство на Евренос Иса Беј, кој го задушил отпорот и ја опустошил областа на востаниците. Поголем дел од областите на Кастриотите паднал под османлиска власт, додека на Ѓон (Иван) му останал мал дел од неговото кнежевство.

Во триесеттите години од XV век, водач на отпорот на Албанците бил Ѓерѓ Аријанит. Во пролетта 1432 година, од неговото кнежевство биле протерани Османлиите. Султанот Мурат II испратил десетилјадна војска под команда на Али Беј. Ѓерѓ го опколил Али Беј во долината на реката Шкумба и ја поразил неговата војска. Со таа победа Ѓерѓ станал познат во Европа. Од 1442 до 1453 година, Ѓерѓ Аријанит неколкупати ги одбивал нападите на османлиската војска.



*Градот Круја со тврдината*

Освен Ѓерѓ Аријанит водачи на востанието во јужна Албанија биле Депе Зенебиши и Никола Дукаѓини. Тие ја ослободиле тврдината **Данија** во 1433 година. Андреј Топија се обидел да ја ослободи Круја, но во тоа не успеал. Албанските феудалци кои не биле обединети, не можеле успешно да се противставаат на османлиските напади. Обединувањето на албанските феудалци во борбата против Османлиите му успеало на Ѓерѓ Кастриот – Скендер бег.

**Задача:** Опишете го отпорот на Албанските феудалци против османлиската власт.



# ВОСТАНИЕТО НА СКЕНДЕР - БЕГ

## Потеклото на Кастриотите - младоста на Ѓерѓ Кастриот

Семејството на Кастриотите по потекло било од Хас. Дедото на Скендер–бег, **Пал Кастриот** побегнал од Хас и станал господар на две села во долината на Црн Дрим (Сињ и Долни Град). Во времето на **Ѓон (Иван) Кастриот**, таткото на Скендер–бег, имотите на семејството ги проширил до Јадранско Море. На север неговите имоти се граничеле со феудалните поседи на Дукаѓините, а на југ со Аријанитите и Топијците. Кнежевството на Ѓон Кастриот имало контрола врз трговските патишта во Албанија. Кнежевството на Ѓерѓ Кастриот воспоставило политички врски со други албански кнежевства и со други земји. **Дубровничката** и **Венецијанската Република**, во триесеттите години на XV век, на Ѓон, таткото на Ѓерѓ, му дале привилегии за неговите синови и право на државјанство.



*Скендер - бег*

Ѓон Кастриот и неговата жена **Воислава** имале четири синови и пет ќерки. Ѓерѓ бил претпоследно дете и се родил во **1405 година**. По освојувањето на Круја, 1414 – 1415 година, Османлиите го принудиле Ѓон Кастриот да им го даде Ѓерѓ како заложник. Ѓерѓ десет години учел **Ич-огланово училиште** кај Едрене. Во училиштето христијанските деца се воспитувале во османлиски дух, а подоцна биле испраќани како управници во земјите од кои потекнувале. Ѓерѓ се разликувал од другите деца, бил остроумен и научил неколку јазици. Таму го добил муслиманското име **Скендер**. За покажаните резултати во воените походи, ја добил титулата **бег** (беј), по што бил поставен на функцијата санџак–бег.

**Размислете:** Објаснете го потеклото на семејството Кастриоти.

## Востанието од 1443 година

Ѓерѓ Кастриот – Скендер–бег не ја заборавил својата татковина Албанија. На 3 ноември 1443 година кај Ниш, кога Османлиите биле поразени од здружената крстоносна војска на чело со Јан Хуњади, Скендер–бег кој учествувал како еден од командантите на османлиската војска ги напуштил Османлиите. Заедно со стотина војници, придружуван од својот внук Хамза Кастриот, се упатил кон својата татковина. На 28 ноември тој го ослободил градот Кроја. Подоцна Скендер–бег ги освоил тврдините Петрела и Стелуш кај Мат. На албанските територии, северно од реката Девол и Семени, биле обновени кнежевствата на **Дукаѓини**, **Захариеви**, **Аријанити**, **Топија** и на **Музаките**.



*Пречекот на Скендер-бег во Кроја*

**Задача:** Опишете го враќањето на Скендер–бег во Албанија.

## Лешанското собрание и создавањето на Албанската лига

Скендер–бег по враќањето во Кроја, ги убедувал албанските водачи да се здружат во борбата против Османлиската Империја. На **2 март 1444 година**, во црквата Св. Никола, крај **Леш**, се одржала првата средба на албанските кнезови. На собранието учествувале **Скендер-бег**, **Ѓерѓ Аријанит**, **Андреја Топија** со синовите, **Ѓерѓ Стрез**, **Балша**, **Никола** и **Пал Дукаѓини** и други кнезови.

На собранието била усвоена декларација за здружување во сојуз меѓу владетелите од земјата, позната како **Лешанска албанска лига**. Таа имала карактер на политички и воен сојуз. За водач на Лигата и командант на албанската војска бил избран Скендер–бег. Лигата одлучила да создаде заеднички фонд, што ќе се полни со прилози од секој владетел. Со Лешанското собрание се направил чекор кон политичко обединување на земјата и создавање централна власт.

**Задача**: Во што се сотои значењето на Лешанската лига?



# ВОЕНИТЕ СУДИРИ НА СКЕНДЕР - БЕГ СО ОСМАНЛИСКАТА ВОЈСКА

## Успеси на востаниците по создавањето на Лешанската лига

По создавањето на Лешанската лига, Скендер–бег очекувал напад од османлиската војска. Тој набрзина ја подготвил војската, ги обновил ѕидините на тврдините и ги снабдил со намирници за долготрајна опсада. Во јуни 1444 година, османлиската војска се упатила кон востаничките области. Војската на Скендер–бег го пресретнала непријателот во **Торвиолското Поле.** Пешадијата и коњицата на Скендер–бег ја нападнала османлиската војска од сите страни, при што ѝ нанела тежок пораз. Уште две османлиски војски, испратени против Скендер–бег во 1445 и 1446 година, биле поразени кај **Дебар** и **Мокра** во **западна Македонија.** Во 1448 година, кон **тврдината Светиград** се упатила голема османлиска војска под водство на султанот Мурат II. Османлиите ја опсадиле тврдината Светиград, која била бранета од мала востаничка војска. Другата востаничка војска, на чело со Скендер–бег ги напаѓала Османлиите, кои ја опсадувале тврдината. По двомесечна опсада, бранителите на тврдината изморени и без вода, се повлекле од Светиград и се утврдиле во тврдината Модрич. Султанот, откако не успеал да ги порази востаниците се повлекол. Во меѓувреме востаничката војска под водство на Скендер–бег ја разбила венецијанската војска кај **Скадар**. Тој ги принудил Венецијанците да му плаќаат годишен данок.



*Полска гравура на Скендер - бег*

**Задача:** Опишете ги воените успеси на Скендер–бег против Османлиите.

## Големите победи на востаниците пред Kроја

Во 1450 година со воените успеси на Скендер-бег, Албанија била единствена слободна земја на Балканот. За да го скрши отпорот на Албанците, во летото 1450 година, султанот Мурат II се упатил со стоиљадна војска против нив. Ѓерѓ Аријанит ја нападнал османлиската војска во долината на реката Шкумба. Султанот Мурат II со војската пристигнал пред Kроја каде поставил логор. Опсадата на тврдината траела со месеци. Османлиите ја напаѓале тврдината со топови. Тврдината Kроја успешно ја брanеле 1500 војници под команда на **Врана Kонти.** Ним, дошол да им помогне Скендер-бег со осумиљадна војска. Откако не успеал да ја освои тврдината, султанот Мурат II заповедал повлекување, а по два месеци умрел. Херојската одбрана на Kроја била најблескавата победа на Албанците. Одѕивот на оваа победа бил многу голем, како во Албанија така и во европските земји.

**Задача:** Опишете ја одбраната на Kроја.



*Враќањето на Скендер-бег во Kроја*

## Војувањето на Скендер-бег до неговата смрт

По одбраната на Kроја, Скендер-бег, уште двапати ги поразил османлиските војски, кај Мокра и во Полошко. Во 1455 година кај Берат, Скендер- бег бил поразен, а Османлиите му дале рок од 15 дена да ја предаде тврдината. За време на ултиматумот, поради невнимателното однесување на командантот на градот Музак Топија, османлиската војска помогната од Мојсеј Голем, ја опколила албанската војска и ја разбила. Скендер-бег и Ѓерѓ Аријанити, кои се упатиле да им помогнат не стигнале навреме.



Во 1456 година, пред Берат, војската на Скендер-бег се судрила со 15.000 османлиска војска предводена од Мојсеј Голем. Османлиите претрпеле пораз. Скендер-бег му простил на Мојсеј и му ги вратил неговите поседи. Во 1457 година против Скендер-бег се упатила османлиска војска под водство на Исак-беј Евренос. Нему му се приклучил Хамза Кастриот. Тој поради претензиите за кнежевството Kроја, преминал на страната на султанот. Скендер-бег прво ја нападнал војската на Хамза. Подоцна во Албулена, кај Мамурас, тој со целата војска ги нападнал Османлиите и ги поразил. Во битката загинал и Хамза.



*Султанот Мехмед II (1451-1481)*

За освојување на албанските територии, султанот презел повеќе воени походи што завршиле неуспешно. Во 1466 година, султанот Мехмед II презел уште две опсади на Kроја кои биле безуспешни. Албанските територии 25 години биле неосвоиви за османлиските султани.

Скендер-бег умрел на 17 јануари 1468 година и бил погребан во црквата Св. Никола во Леш. Со неговата смрт Албанците го изгубиле својот херој, а европските народи го изгубиле **капетанот** кој извесно време го попречувал навлегувањето на Османлиите во Европа.

**Задача:** Опишете го војувањето на Скендер-бег меѓу 1455 и 1466 година.



*Средновековната тврдина Леш*

# ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА СКЕНДЕР-БЕГ



*Скендер-бег, споменик во Тирана*

Албанската епопеја во XV век и личноста на Ѓерѓ Кастриот – Скендер–бег имале големо влијание врз духовниот живот на Албанците врз подигнувањето на нивното патриотско чувство. Инспирирани од тоа, истакнати албански интелектуалци го овековечија, неговиот лик и дело пишувајќи големи историски дела со кои почнува албанската историографија. Во 1504 година албанскиот хуманист **Марин Барлети**, на латински јазик го напишал делото **„Опсадата на Скадар"** посветено на борбата на Албанците за одбрана на Скадар. Но делото што го издигна на пиедесталот на познати хуманисти, е **„Историја на животот и делото на Скендер-бег"**, напишано на латински јазик, а печатено 1508–1510 година во Рим. Во делото се зборува за личноста на Скендер-бег. Делата на Марин Барлети станаа важен извор од кој албанските патриоти ја учеа албанската епопеја од XV век. Скендербеговиот период стана познат и по други историски дела од неговите современици, како што се **Димитар Франгу** и **Ѓон Музаки**, со делото „Историја и потеклото на Музаките" и др. Македонскиот преродбеник и поет **Григор Прличев** ја напишал поемата **„Скендер-беј"**.

Ѓерѓ Кастриот – Скендер–бег е една од најзначајните личноста во албанската историја. Тој се родил во 1405 година. Како дете, околу 1415 година со двајцата браќа бил предаден како заложник кај Османлиите. Во Едрене бил воспитуван во Ич–оглановото училиште.






*Поштенска марка по повод 600 години од раѓањето на Скендер-бег*



*Музеј на Скендер-бег во Кроја*

Ѓерѓ Кастриот бил развиен и имал снажно тело. Бил талентиран и научил неколку јазици. Поради неговите воени способности, кои потсетувале на подвизите на **Александар Македонски**, Османлиите му го дале името **Искендер.** По завршувањето на училиштето тој учествувал во повеќе воени походи. Бил храбар и умешен во воените вештини. Затоа ја добил титулата бег и станал познат како Скендер–бег. Во периодот од триесеттите години на XV век, Скендер–бег бил испратен во Албанија, како функционер на Османлиската Империја. Подоцна тој се откажал од тие привилегии и застанал на чело на антиосманлиската борба на албанскиот народ. Скендер–бег го остварил првото политичко обединување на Албанците. Со Лешанската лига, го отвори патот за создавање независна држава. Тој не бил само голем државник и способен војсководец, туку и добар дипломат. Албанија ја поврзал со Европски земји, а албанската антиосманлиска борба со борбата на другите народи. Скендер–бег станал симбол на борбата за ослободување и независност. Споменот за него оставил белег во народните песни и преданија. Тој бил високо почитуван од многу европски личности во неговото време. За Скендер–бег и за борбата што тој ја водел, се напишани голем број научни и уметнички дела, на различни јазици во светот. Во негова чест, како херој на Албанците и бранител на христијанството, се подигнати многу спомен–обележја во европските земји.

**Задача:** Опишете ја личноста и делото на Скендер–бег.

**Истражувајте:** Кои автори пишувале дела за Скендер–бег и што е напишано за него?

# АЛБАНИЈА ПО ВОСТАНИЕТО НА СКЕНДЕР-БЕГ




*Доника, сопругата на Скендер-бег*

## Албанија по смртта на Скендер-бег

Сопругата на Скендер-бег, **Доника,** со својот син Ѓон, уште по поразот кај Берат 1455 година, емигрирала во Италија. По смртта на Скендер-бег, отпорот против османлиската власт ја продолжил **Лек Дукаѓини.** Во 1474 година голема османлиска војска се упатила кон Скадар. Албанците успеале да го одбранат градот. Кога Османлиите ја нападнале Кроја, Албанско – венецијанската војска отишла да ја брани Кроја. Во пролетта 1478 година султанот Мехмед II ја опсадил Кроја. Гарнизонот што ја бранел тврдината останал без храна и вода и бил принуден да го предаде градот. Оттаму султанот се упатил кон Скадар. При одбраната на Скадар, Албанците, на султанот му нанеле големи загуби (12 000 војници). Во 1479 година Венецијанците им го предале Скадар на Османлиите.

Местото на Скендер-бег не можел да го замени никој од албанските феудалци. Албанските кнезови кои побегнале во Италија биле повикани да се вратат. Од нив се одзвале Никола и Лека Дукаѓини, Ѓон Кастриот, Константин Музаки. Ѓон Кастриот, син на Скендер-бег, во 1481 година се вратил во Драч. Востаниците ги ослободиле областите кои му припаѓале на неговиот татко. По три години, востанието било задушено.

Подоцна Ѓон и Константин Музаки, пристигнале во Химара. Османлиската војска која била подготвена за поход во Италија, ги истерала востаниците од градот. Во 1492 година, султанот Бајазит II, на жителите на градот им ја признал самоуправата.

По две години, во средна Албанија избувнало уште едно востание на чие чело застанал синот на Скендер-бег. Отпорот траел до 1506 година, по што Албанија потпаднала под османлиска власт. Во борбите Албанците претрпеле големи материјални и човечки загуби. Илјадници жители се иселиле во Италија и во далматинските градови.

**Задача:** Каква била состојбата во Албанија по смртта на Скендер-бег.



## Положбата во Албанија по освојувањето од Османлиите

Во почетокот на XVI век Албанија била поделена на административни единици – **санџаци**: **Скадарскиот**, **Дукаѓинскиот** и **Елбасанскиот** санџак припаѓале на Румелискиот вилает. Земјата била прогласена за државен посед и им припаѓала на османлиските феудалци – **спахии**. Албанското население **рајата** ја работело земјата, плаќало даноци и извршувало работни обврски за државата и феудалците. Христијаните постари од 18 години на државата ѝ плаќале данок по глава – **џизие**. Обврската кон феудалецот изнесувала една десеттина од вкупниот земјоделски производ – **десеток.** Тимаро-спахискиот систем се спроведувал на дел од територијата. Жителите од високите планински места продолжиле со традиционалниот начин на живеење. Тие на државата ѝ плаќале само данок наречен **арач**. Такви области биле: **Голема Малесија**, **Дукаѓин**, **Химара** и др.



*Тврдината Сард кај Скадар*

**Размислете:** Кои биле обврските на рајата?

## Обновување на градовите

Во борбата со Османлиите големи штети претрпеле и албанските градови. Поради борбите, многу жители ја напуштиле земјата и се упатиле во три насоки: на север кон Далмација, на југ кон Грција (Атика и Пелопонез) и на запад во јужна Италија и Сицилија. По XVI век, почнало обновувањето на градовите. Најгоеми албански градови биле Скадар, Елбасан, Валона и др.

## Востанија против османлиската власт

Жаришта на отпорот на Албанците во XVI-XVII век биле Голема Малесија, Дукаѓини, Мирдита, Химара и др. За подобра организација на противосманлискиот отпор, Албанците и другите соседни народи во 1594 година одржале неколку средби. На нив учествувале претставници на 14 области. Тие се договарале за организирање општоослободително востание. Тие побарале поддршка од европските земји, но не добиле.

**Размислете:** Зошто се организирале средбите во почетокот на XVII век?

# АЛБАНЦИТЕ ВО XVII И XVIII ВЕК

Во XVII и XVIII век, албанските територии – **Скадарскиот**, **Елбасанскиот**, **Дукаѓинскиот**, **и Валонскиот** санџак биле во составот на Румелискиот вилает. Санџаците се делеле на **кази**, а казите на **нахии**. Санџакот бил управуван од **санџак-бег**, а казите – од **кадии**. Кадијата пресудите ги носел според исламскиот законик **шеријатот**. Властите управувале според централниот законик, напишан од султанот Сулејман Законодавецот. Земјата била во државна сопственост и се делела на **тимари**, **зијамети** и **хасови**. Населението се делело на феудалци – **спахии** и на селани – **раја** кои ја обработувале земјата. Селаните на државата ѝ плаќале даноци: **џизие**, данок на стока, бесплатна работа– **ангарија** и др. Спахијата како сопственик на земјата, од селаните земал една десеттина од земјоделските производи.



*Спахија*

Во втората половина на XVII век од тимаро–спахиския систем се развил нов облик наречен **чифлигарство**. Сопствениците на тие земјишни поседи се нарекувале **чифлигари**, а тие што ја обработувале земјата – **чифчии**. Во зависност од приходот на чифлигот, чифлигарот земал две третини, а една десеттина одвојувал за спахијата.

Во XVIII век почнало обновувањето на разурнатите градови. Градовите Валона, Елбасан, Скадар биле трговски и стопански центри. Секој град имал пазар – **чаршија**, а некои имале и покриени пазари – **безистени**. Како резултат на развојот на занаетите се зголемил и нивниот број. Занаетчиите биле организирани во **еснафи**, а трговците во **гилди**. Голем напредок во тоа време доживеала трговијата. Албанските трговци биле мост за поврзување на западните земји со внатрешноста на Балканот. Од албанските територии се извезувале земјоделски производи, а се увезувале индустриски стоки.

**Истражувајте**: Како изгледале градовите во Албанија.



## Албанските востанија во времето на Австро - турската војна (1689-1690)

Албанскиот отпор против османлиската власт продолжил и во текот на XVII век. Главни упоришта биле **Голема Малесија**, **Мирдита**, **Дукаѓин** и др. За подобро организирање на анти османлискиот отпор на Албанците и на другите соседни народи биле одржани неколку средби. **Првото албанско собрание** се одржало во 1601 година во с. Дукаѓин во областа Мат. На тие средби се разговарало и се донела одлука за начинот на организирање општоослободително востание. Учесниците побарале поддршка од неколку европски земји, но не ја добиле.

Албанците се залагале за ослободителна борба на балканско ниво. Двете балкански средби биле одржани во Куч, Голема Малесија во јули и септември 1614 година. Третата балканска средба се одржала во Прокупле во 1616 година, а четвртата во Белград во 1620 година. На тие средби биле направени планови за заедничко востание против Османлиите.

Во 1607 година почнало востанието во **Круја**, предводено од **Андреја Манеси**. Востанието довело до намалување на даноците. Андреја побарал поддршка и од шпанскиот крал, но не ја добил. Востанието било задушено по три години. Постојан востанички центар била Голема Малесија. Султанот организирал неколку казнени походи. Под команда на босанскиот беглер–бег бил организиран голем казнен поход во 1608 година, но и тој завршил неуспешно. Католичките свештеници посредувале за примирје. На тој начин Малесија ја бранела локалната самоуправа.

За време на Австро–турската војна, востаничкото движење било организирано во **Куч**, **Скадар** и **Валона**. Востаниците освоиле неколку тврдини. Со напредувањето на австриските војски во Косово (1689) тие биле пречекани од 20.000 востаници. Востанието го предводел епископот **Пјетр Богдани** и тоа се проширило во цело Косово, Дукаѓин и Лума. Следната година овие сили биле поразени од Османлиите.

**Задача:**
Каде се наоѓале главните упоришта на албанскиот отпор.



*Тврдината Скадар*

# КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ

## Македонија во втората половина на XVII век

Во втората половина на XVII век, османлиската власт на населението во Македонија му наметнувала големи даноци и давачки. За да ги избегнат даноците и давачките, селаните бегале во шумите и станувале **ајдути**. Османлиската власт ги гонела ајдутите и нивните заштитници – **јатаците**. Ајдутите станале носители на отпорот против османлиската власт.



*Ајдути, гравура*

Во војната меѓу Австрија и Османлиската Империја, Османлиите биле поразени кај Виена. Австриската војска тргнала на југ и се приближила кон Македонија. Стремежот на македонскиот народ за подобар живот го поттикнал ослободителното движење.

**Размислете:**
Кои биле причините за појава на ослободителното движење во Македонија?

## Почеток и тек на Карпошовото востание

Во средината на 1689 година австриската војска навлегла во Србија и во Косово. Во Македонија помалите ајдутски дружини се организирале во поголеми дружини. Македонскиот народ на австриската војска гледал пријателски и се надевал дека со нејзина помош ќе ја извојува слободата. Во околината на Крива Паланка најистакнат ајдутски водач бил **Карпош**. За да го придобијат, Османлиите го назначиле за **мартолозбашија** (старешина на чуварите на патиштата и планинските премини). Карпош кога слушнал за доаѓањето на австиската војска, во близина на Македонија, ги обединил ајдутските дружини.

Во средината на **октомври 1689 година** во северна Македонија во областа меѓу **Скопје** и **Ќустендил** се дигнало големо ослободително востание. На чело на ајдутските дружини, на кои им се придружиле многу жители од селата и градовите, застанал прославениот ајдутин **Карпош**. Востаниците ја ослободиле северна Македонија, со градовите **Крива Паланка**, **Кратово**, **Куманово** и **Скопје**. Карпош во Куманово изградил **тврдина** и оттаму управувал со востанието.





*Изглед на Скопје, гравура од XVII век*

Австрискиот **цар Леополд**, кога слушнал за востанието, на Карпош му испратил свечена кнежевска капа **„калпак“**. Карпош меѓу востаниците се стекнал со слава на **„крал на Куманово“**. Во Скопје пристигнала австриската војска, на чело со **Пиколомини**. Бидејќи во градот владеела епидемија на **колера** (чума), тој наредил да се запали градот по што се повлекол од Скопје. Кога за тоа разбрале Османлиите, му заповедале на татарскиот **хан Селим Гирај**, кој бил со османлиската војска, да ги нападне востаниците. Кај Куманово, востаничката војска била поразена, а Карпош заробен. При крајот на ноември и почетокот на декември, Селим Гирај го освоил Скопје. Кај Камениот мост во Скопје, водачот на востанието Карпош бил набиен на кол и сурово убиен.



*Австрискиот цар Леополд I (1658-1705)*

Во време на Карпошовото востание македонскиот народ, првпат под османлиска власт, создал слободни територии, со своја власт. Карпош како **„крал на Куманово“** станал симбол на стремежот за слобода и своја држава.

**Истражувајте:** Соберете историски податоци за Карпош.

**Задача:** Опишете го текот на Карпошовото востание.

**Размислете:** Кои биле придобивките од Карпошовото востание?

# МАКЕДОНИЈА ПО КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ (XVII-XVIII ВЕК)

## Положбата на македонското население по Карпошовото востание

Македонскиот народ по задушувањето на Карпошовото востание се нашол во тешка положба. Многу жители од градовите и селата плашејќи се од одмазда на османлиските власти ги напуштале родните огништа. Многу жители од Скопско, Кумановско, Кривопаланечко и Кратовско, со повлекувањето на австриската војска заминале кон Војводина, Унгарија и Австрија. Иселувањето довело до осиромашување и опустошување на многу села, а плодното земјиште останало необработено. Тоа негативно се одразило врз стопанската положба. Османлиската држава увидела дека треба да преземе мерки за обновување на стопанството, па направила обид за враќање на избеганото население. На апелот испратен од османлиската власт, иселеното население не се одзвало.



*Присилната преселба на Македонците по Карпошовото востание*

**Задача:**
Во кои земји се иселувале Македонците по неуспехот на Карпошовото востание.

По Карпошовото востание, почнало масовното доселување на Албанци во северозападните делови на Македонија. Тоа довело до големи промени во етничкиот состав во северна и западна Македонија. Доселувањето на албанското население го помагале и османлиските власти. Во нив наоѓале поткрепа на својата власт, придобивајќи ги со давање земја за обработка или други привилегии. Освен селани, се доселувале и албански феудалци кои добивале на управување цели области.



*Иселување на населението со запрежна кола*



**Објаснете:**
Која била причината за промена на етничкиот состав во западна и северна Македонија?



*Вооружен Татарин*



*Османлиите присилно собираат селани за бесплатна работа*



*Камениот мост во Скопје*

За тешката положба на македонскиот народ придонесувале и многубројните **арамиски банди** кои крстосувале во XVIII век. Тие често се поврзувале со феудалците и собирачите на даноци и заедно вршеле притисок врз населението. Во тој период се појавиле и **крџалиските** банди, кои ги ограбувале и христијаните и муслиманите.

Поради самоволијата на крупните феудалци и арамиските банди, населението ги напуштало селата и се населувало во градовите.

**Задача:** Со наставникот анализирајте го следниот текст:

За дејноста на крџалиите, во еден ферман на султанот од 1795 година, го пишува следново: „Села, градови и цели краишта во мојата Империја се опустошија и останаа без луѓе, земјоделските работи и трговијата се запрени, поради тоа на мојата царска благајна ѝ е нанесена голема загуба. Бидејќи државните закони не се почитуваат, како во Империјата да настанало целосно безредие."



file:///E|/5800/mah/mah.htm (60 of 67)23.11.09 10:21:49

# ПОЛОЖБАТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА

Со потпаѓањето на Македонија под османлиска власт, **Охридската архиепископија** продолжила да постои како **самостојна црква**. Во почетокот, османлиските власти не се мешале во нејзината работа. Со нивно знаење, Архиепископија ја **проширила** црковната надлежност во **Бугарија** (бугарската црква била укината), во **Влашко**, **Молдавија** и на делови од Српската црква.



*Св. Богородица Перивлепта - Св. Климент, седиште на Охридската архиепископија*

По големите територијални освојувања на Балканот, Османлиите го смениле односот кон Охридската архиепископија. Повеќе **цркви** во Македонија биле преобразени во муслимански храмови – **џамии**. На удар бил и градот Охрид. Уште во XV век, црквата **Св. Софија,** седиштето на Архиепископијата, а подоцна и црквата **св. Пантелејмон**, каде се наоѓал гробот на **св. Климент**, биле преобразени во џамии. Поради тие причини, седиштето на Архиепископијата и гробот на св. Климент биле преместени во црквата Св. Богородица Перивлепта – Св. Климент. Таа останала верен чувар на христијанството и заштитник на македонскиот народ. Во македонските цркви и манастири се негувал словенскиот јазик и **македонскиот народен говор**. Се препишувале книги на словенски јазик, а се создавале и нови книжевни дела.

Притисокот на Османлиите и соседните цркви–Пеќската патријаршија по обновувањето, и Цариградската патријаршија се зголемил. Некои области на Охридската архиепископија ѝ биле одземени. За да ја задржи самостојноста, таа на султанот му плаќа големи даноци.



*Печатот на Охридската архиепископија*

**Размислете:**
Каква била положбата на Охридската архиепископија во Османлиската Империја.

## Врските на Охридската архиепископија со европските земји

Охридската архиепископија одржувала блиски врски со Цариградската патријаршија. Патријаршијата, на предлог на Синодот на Архиепископијата, како нејзин највисок орган, ги назначувала охридските архиепископи. Таа почнала да се меша и во другите нејзини работи. Охридските архиепископи се залагале за поголема самостојност на црквата и ја поддржувале борбата против Османлиите. За таа цел тие побарале поддршка од европските земји. Повеќе охридски архиепископи, од владетелите на европските земји барале парична помош за црквата и поддршка во борбата против Османлиите. Некои архиепископи дури се залагале за дадената помош на македонскиот народ и за слободата на Македонија, **Архиепископијата** да ја прифати **католичка вера** и управа.

**Размислете:** Со каква цел охридските архиепископи патувале во европските земји?

## Укинување на Охридската архиепископија

Од почетокот на XVII век, охридските архиепископи сè повеќе биле изложени на напади од Цариградската патријаршија. Патријаршијата се залагала да ја преземе управата над Охридската архиепископија и да постави свој човек за архиепископ. Меѓусебните односи се влошиле во втората половина на XVII век. Со поддршка на султанот, Цариградската патријаршија успеала да ѝ одземе повеќе црковни области на Охридската Архиепископија. Охридскиот архиепископ **Арсениј**, не можејќи да го издржи притисокот на цариградскиот патријарх, на **17 јануари 1767 година** поднел писмена оставка. Со оставката била укината Охридската архиепископија, а нејзините територии биле приклучени кон **Цариградската патријаршија**.

**Размислете:** Зошто и како била укината Охридската архиепископија.

# ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ОД XV ДО XVIII ВЕК

Со потпаѓањето на Македонија под османлиска власт, главни жаришта на културата биле манастирите. Таму се негувала словенската писменост и литературата. Во градовите македонската култура го задржала својот белег, но примала и источни, османлиски обележја. Во селата се негувала македонската народна култура. Под влијание на Османлиите, надворешниот изглед на градовите и селата, обичниот живот на луѓето, обичаите, јазикот и носијата, почнале да примаат белези на османлиската култура.



Четвороевангелие XV-XVI век

## Писменост и литература

Главни просветни и книжевни центри биле манастирите. Во поголемите манастири се основале **книжевни центри**. Од нив поважни биле **Кратовскиот**, **Лесновскиот**, **Трескавечкиот** и **Слепченскиот** книжевен центар. Таму се негувал словенскиот јазик, со македонски народни обележја. Се пишувале **ракописи со црковна содржина**. Манастирите биле центри на просветата и на црковните **училишта**. Учители биле **поповите** (свештениците) и **калуѓерите**. Во градовите имало **световни училишта**. Нив ги помагале богатите трговци. Со појавата на печатарството, почнало да се печатат книги. Со нив македонската култура се ширела во Европа. **Јаков од Камена Река** (Каменица) во Венеција во XVI век го отпечатил делото „Часослов". **Христифор Жефарович** од Дојран, зограф, бакрорезец и печатар, во Виена во 1741 година, го отпечатил делото **„Стематографија"**.

Во исламските верски објекти се пишувале дела на арапски јазик со исламска содржина. Најмногу се препишувал **Коранот**. Учители биле **оџите**.

## Архитектура

Во Македонија се граделе и обновувале многу **манастири** и **цркви**. Манастирите имале конаци, каде за големите христијански празници се собирале луѓе од многу краишта. Во некои градови поимотните граѓани подигале свои цркви.





Манастирот Св. Јован Бигорски



Царски двери во Св. Наум, Охрид, XVIII век

Во црквите христијаните ги извршувале верските обреди. На Христос бог му се молеле да им помогне. Градовите биле опкружени со **тврдини.** Со развојот на трговијата се граделе мостови од камен. Во градовите постепено почнала да се развива **градската архитектура.** Богатите луѓе граделе убави куќи.

Во градовите се граделе и исламски верски објекти како **џамии** и **турбиња**. Во џамиите муслиманите ги задоволувале своите верски потреби. На Алах му се молеле да им даде подобар живот. За одржување на хигиената се граделе **амами** (јавни бањи) и **чешми**. За престој на трговците во градовите се граделе анови. Освен пазарите во градовите, имало и **покриени пазари – безистени.** Најбогатите граѓани, управниците – муслимани во градовите имале големи куќи – **сараи**, украсени со паркови и **фонтани.**



Турбе, Алаџа џамија, Скопје



file:///E|/5800/mah/mah.htm (62 of 67)23.11.09 10:21:49



Мустафа-пашина џамија, Скопје, 1492 година



Внатрешен изглед, Шарена џамија, Тетово, 1495 година

**Размислете:**
Што претставувале манастирите и црквите, а што џамиите?

**Истражувајте:**
Посетете некои верски или световни објекти.

## Уметност

Во манастирите се сликале **фрески** и **икони**, а со слики се украсувале и домовите на побогатите луѓе. Освен сликарството, било развиено и **копаничарството** (резба во дрво). Со резби на кои биле претставени сцени со **христијанска содржина** биле украсувани црквите. Домовите на побогатите луѓе, исто така, биле украсени со богати резби.



Св. Архангел Михаил, икона од XVI век, манастир Св. Пантелејмон - Горно Нерези



# ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ОД XV ДО XVIII ВЕК

## Албанското образование и култура

Воспоставувањето на османлиската власт во Албанија го попречило развојот на образованието и културата. Голем придонес за развојот на албанското образование и книжевност дале католичките свештеници. Во XVII век биле отворени неколку основни училишта: во **Курбин**, **Пердна** кај Леш, **Скадар**, **Јањево** во Косово и др. каде се предавало на албански јазик.



Учител и ученик, гравура

Во албанските градови биле отворени исламски училишта – **медреси**. Таму се изучувала исламската религија на арапски јазик и азбука. Грчките православни свештеници во манастирите отворале училишта на грчки јазик.

Во XVIII век биле направени напори за создавање **албанска азбука**. Една азбука создал **Теодор Хаџи Филипи**, познат како **даскал Тодри** од Елбасан. Тој се залагал за отворање печатница во Елбасан. Голем културен центар во XVIII век бил градот **Москополе**. Таму во 1720 година било отворено средно училиште на грчки јазик, познато како **„Нова академија"**. Во тоа време се истакнале и голем број албански писатели. Од нив најпознат бил **дон Ѓон Бузуку**, кој во 1555 година го отпечатил делото **„Мешари"**, што е прва позната книга на албански јазик. Други албански писатели се **Лек Матранга**, **Пјетер Буди**, **Пјетер Богдани** и **Франк Барди**.



Етхем - бегова џамија и Саат кулата во Тирана

Развиена била архитектурата и сликарството. Се граделе многу **џамии**, **теќиња** и **цркви**. Во црковното сликарство се истакнал Онуфриј и неговиот син Никола, Давид Селеница, Констандин Шпатараку и др.

**Задача:** Што знаете за развојот на книжевноста и уметноста кај Албанците до XVIII век.

## Ширењето на исламската религија во Албанија



*Пјетер Богдани, писател од XVI век*

Пред османското освојување, Албанците биле христијани. Тие припаѓале кон католичката и православната црква. По доаѓањето на Османлиите во Албанија, почнало ширењето на исламот.

Во почетокот, исламската религија се проширила кај децата на албанските владетели. Тие како заложници се школувале на султанскиот двор. Исламот се ширел побрзо во градовите отколку во селата. Големи промени настанале кога две третини од албанското население ја примило исламската вера.

Основни причини за примањето на исламот кај Албанците биле: големиот притисок на Османлиите, големите даноци, ослободувањето на населението од давачките, ако го примат исламот, и неединството на католичката и православната црква. Албанците иако поделени на три различни религии, го зачувале јазикот, традицијата и културата.

Во процесот на зачувување на националната посебност, во време на османлиската власт, во XVIII век се појавиле нови национални имиња за Албанците – **Шќиптар**, а за Албанија **Шќиперија**. Овие имиња биле во употреба во сите области каде што се зборувал албанскиот јазик. Поранешните имиња Арбер и Арбери продолжиле да се употребуваат кај Албанците во Грција и Италија кои се иселиле пред османлиското освојување.

**Задача:** Кои биле причините за ширењето на исламот во Албанија. Споредете го, надворешниот изглед на џамија и црква.



*Манастирот Св. Никола во Месопотаме кај Саранда*



## РЕЧНИК НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

**автокефална црква** – независна или самостојна црква
**академија** – високошколска установа
**анархија** – безвластие
**ангарија** – бесплатна работа
**арач** – вид на данок
**архиереј** – висок црковен чин
**архонт** – водач, воен чин
**асимилација** – претопување

**баштина** – наследен имот
**бедуини** – сточари – номади, пустински жители на Арабија
**беглербег** – управник на беглербегство
**беглербегство** – поголема административна област

**вазал** – слуга, потчинет на некого
**везир** – прв помошник на султанот
**вилает** – крупна административна област

**гилда** – здружение на трговци

**деспот** – вид владетел
**деспотство** – област со која владее деспотот
**диван** – државен совет
**династија** – владетелско семејство

**емиграција** – иселување
**емир** – владетелска титула
**емират** – област управувана од емир
**епархија** – црковна област
**епископ** – висок црковен свештеник, управник на епархија
**еснаф** – здружение на занаетчии

**жупан** – владетелска титула
**житие** – животопис на светител

**ислам** – покорност
**исламизација** – воведување во учењето на исламот

**каза** – мала управна област
**клирици** – феудално зависни луѓе од црквата
**калиф** – управник, господар, наследник на Мухамед
**калифат** – назив на арапската држава

**колон** – зависен селанец
**колонизација** – населување
**комес** – кнез
**комитопули** – млади кнезови
**комуна** – градска општина
**Коран** – муслиманска света книга

**мандра** – летна планинска сточарска населба од шатори, место за преработка на млекото
**монета** – метална пара
**мошти** – остатоци од светци
**муслиман** – верник на исламот
**монарх** – неограничен владетел, крал, цар

**нахија** – помала управна единица

**оџа** – муслимански свештеник

**пагани** – многубошци
**парици** – зависни селани
**пророк** – наместник на Алах на земјата

**раја** – христијанско население во Османлиската Империја кое ја обработувало земјата

**санџак** – висока административна единица во Османлиската Империја
**склавинија** – област населена со Словени
**султан** – турски владетел

**тимари** – големи имоти на спахии

**ултиматум** – присилен временски рок

**хан** – владетелска титула
**хасови** – големи спахиски имоти
**хиерархија** – подреденост во власта
**хиџра** – почеток на муслиманската ера
**хроника** – историско дело кое почнува со годината од создавањето на светот

**џамија** – муслимански храм
**џизие** – личен данок, данок на глава

**шутови** – дворски забавувачи



# СОДРЖИНА


## I. СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК

ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СРЕДНИОТ ВЕК........ 5
ГОЛЕМАТА ПРЕСЕЛБА НА НАРОДИТЕ........ 7
ДРЖАВАТА НА ФРАНКИТЕ........ 9
ПОЈАВА НА ИСЛАМОТ........ 11
ИСТОЧНО РИМСКО ЦАРСТВО (ВИЗАНТИЈА)........ 14

## II. БАЛКАНОТ ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК

НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ НА БАЛКАНОТ........ 19
ПРОМЕНИТЕ НА БАЛКАНОТ ПО ДОСЕЛУВАЊЕТО НА СЛОВЕНИТЕ........ 21
СОЗДАВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ДРЖАВА........ 24
СОЗДАВАЊЕ НА ДУКЉА И РАШКА........ 26
АЛБАНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК........ 28

## III. МАКЕДОНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК

НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА........ 31
ПОЈАВА И РАЗВИТОК НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ И КУЛТУРА........ 34
ДЕЈНОСТА НА СВ. КЛИМЕНТ И СВ. НАУМ........ 37
БОГОМИЛСКО ДВИЖЕЊЕ........ 40
СОЗДАВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА ДРЖАВА........ 42
ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРОПАЃАЊЕ НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА........ 45
ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА........ 48
ВОСТАНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВО XI ВЕК........ 51

## IV. СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК

СОЗДАВАЊЕТО И РАЗВИТОКОТ НА СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ГРАДОВИ........ 55
ХУМАНИЗАМ И РЕНЕСАНСА........ 57
ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА........ 60
ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО СРЕДНИОТ ВЕК (ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК)...... 63

**V. БАЛКАНОТ ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК**

ВИЗАНТИЈА ОД XII-XV ВЕК ..... 67
ПОДЕМ НА БУГАРИЈА И СРБИЈА ..... 69
АЛБАНСКОТО КНЕЖЕВСТВО И ДЕСПОТАТОТ АРТА (XII-XIII ВЕК) ..... 71
АЛБАНСКИТЕ КНЕЖЕВСТВА ВО XIV ВЕК ..... 73
ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА ..... 75
ПОТПАЃАЊЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ ..... 77
ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ДО XIV ВЕК ..... 79
ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК (СРБИЈА И БУГАРИЈА) ..... 81

**VI. МАКЕДОНИЈА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК**

САМОСТОЈНИ ВЛАДЕТЕЛИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIII ВЕК ..... 85
САМОСТОЈНИ ФЕУДАЛНИ ДРЖАВИ ВО XIV ВЕК ..... 88
ПОТПАЃАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ ..... 91
ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК ..... 93
ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО СРЕДНИОТ ВЕК ..... 96

**VII. БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ**

КОЛОНИЗАЦИЈА И ИСЛАМИЗАЦИЈА ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ..... 99
ОТПОРИ ПРОТИВ ОСМАНЛИСКАТА ВЛАСТ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ..... 101
АЛБАНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XV ВЕК ..... 103
ВОСТАНИЕТО НА СКЕНДЕР–БЕГ ..... 105
ВОЕНИТЕ СУДИРИ НА СКЕНДЕР–БЕГ СО ОСМАНЛИСКАТА ВОЈСКА ..... 107
ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА СКЕНДЕР–БЕГ ..... 110
АЛБАНИЈА ПО ВОСТАНИЕТО НА СКЕНДЕР–БЕГ ..... 112
АЛБАНЦИТЕ ВО XVII И XVIII ВЕК ..... 114
КАРПОШОВО ВОСТАНИЕ ..... 116
МАКЕДОНИЈА ПО КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ (XVII–XVIII ВЕК) ..... 118
ПОЛОЖБАТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА ..... 120
ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ОД XV - XVIII ВЕК ..... 122
ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ОД XV - XVIII ВЕК ..... 125
РЕЧНИК НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ ..... 127



Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО – Скопје, ул. „Димитрија Чуповски" бр. 15

*

За издавачот
м-р Павле ПЕТРОВ, генерален директор

*

Главен уредник
Ели МАКАЗЛИЕВА

*

Проф. д-р Милан БОШКОСКИ Јордан ИЛИОСКИ
Неби ДЕРВИШИ

**ИСТОРИЈА**
ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

*

Лектор
Косте ЌУЛУМОВСКИ

*

Технички уредник
Новко ГРУЕВСКИ

*

Компјутерска обработка и прелом
Михајло МАКАЗЛИЕВ

*

Корица
Миодраг АЛЕКСОВСКИ

*

Коректура
Авторите

Ракописот е предаден во печат во мај 2006 година. Печатењето е завршено во јуни 2006 година. Обем: 132 страници. Формат: 20 x 25,5 cm. Тираж: 7000 примероци. Книгата е отпечатена во печатницата „НАПРЕДОК" АД – Тетово


ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД
111610